**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 октомври 2006 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,17 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевси, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Молам службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Дами и господа пратеници, пред да ја отворам Седмата седница на Собранието на Република Македонија, дозволете ми да ве замолам за извинување, заради протоколарни обврски задоцнив 15 минути.

Ја отворам Седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Зоран Витанов, Ванчо Коцев, Љубчо Георгиевски, Марјан Додовски, Ѓорѓо Оровчанец, Даут Теџепи, Арбен Џафери, Абдулади Вејсели, Јован Манасијевски, Мирјана Секуловска, Али Ахмети, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам, да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Службите утврдија дека во салата се присутни 62 пратеници, тоа значи дали сите не притиснавте или службите грешат.

Уште еднаш службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 62 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог за разрешување од функцијата Јавен обвинител на Република Македонија.

Предлогот за разрешување ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи итната и неодложна потреба на Предлогот за разрешување да биде разгледан на оваа седница.

Има збор заменик министерот за правда.

**Сашо Василески:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Институцијата Јавен обвинител е една од основните функции во државата. Ако во континуитет, а како приоритет на сите нас ни е борбата против организираниот криминал, митото и корупцијата, сосема е доволна причината што Владата на Република Македонија ја оправдува итноста на оваа постапка. Од тие причини молиме на Собранието да се постави точката на дневен ред за разрешување на Јавниот обвинител на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот на Владата за разрешување на Јавниот обвинител на Република Македонија да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, за гласале 60, воздржани нема, против 5.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Пратениците Силвана Бонева, Горан Мисовски, Ружди Матоши, Весна Јаневска и Роза Топузова Каревска предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на совет на собранискиот канал.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Молам, еден од предлагачите да ја образложи итната и неодложна потреба Предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Има збор Горан Мисовски.

**Горан Мисовски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги рпатеници,

Врз основа на член 189, а во врска со член 143 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, поднесуваме Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на Совет на собранискиот канал. Истовремено предлагаме, согласно член 66 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Предлог-одлуката да се внесе во дневниот ред на Седмата седница на Собранието на Република Македонија закажана за 5 октомври 2006 година.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, за гласале 57, против 2, воздржани нема.

Констатирам дека предлогот на пратениците е усвоен.

Според тоа, за денешната седница е утврден следниот Дневен ред:

1. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, со Предлог на закон.

2. Предог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата, со Предлог на закон.

3. Предлог за разрешување од функцијата Јавен обвинител на Република Македонија.

4. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на Совет на собранискиот канал.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред? (Нема).

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 61, против и воздржани нема.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точка 1. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Согласно член 95 став 3 од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, за гласале 61, против гласале два, воздржани нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 60, против 1, воздржани нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Славица Грковска поднесе амандмани на член 3 за додавање на нов став 2 по ставот 1, за менување на член 9 и за додавање два нови членови 13-а и 13-б по членот 13, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска поднесоа амандмани на член 1 во постојноит член 5 за додавање нов став по ставот 6, за додавање нов член 1-а по членот 1, член 2 за додавање нов став 2 по ставот 1, член 3 за додавање нов став 2, за додавање нов член 6-а по членот 6, член 9 за менување на став 1, за додавање нов член 13-а по членот 13 и за додавање нов член 13-б по членот 13, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска ги повлекоа амандманите на член 3 за додавање нов став 2, член 9 за менување на став 1, за додавање нов член 13-а по членот 13 и за додавање нов член 13-б по членот 13.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во постојниот член 5 за додавање нов став 7 по ставот 6, поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Збор бара Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Жал ми е што Владата можеби вомигов и не е свесна за потребите од заводите и институциите кои треба да имаат својства на правно лице. Во членот 1 став 6 од Законот за организација и работа на органите на Државната управа, имавме идеја, имајќи го предвид горенаведениот закон кој ја уредува работата на Државната управа и нејзините органи и истиот се дели на министерства, органи на Државната управа и органи во состав на министерствата. Така што, управните организации кои што се поврзани со нивната работа од областа каде основаат министерства, сметаме дека ако успееме со овој став да го додадеме, ќе ја допрецизираме одредбата со поделбата на државните органи и тоа од причини што управните организации согласно законот се основаат како самостојни органи на државната управа. Тие како такви би имале својство на правни лица. Да речеме, таков еден сериозен проблем има Хидрометеоролошкиот завод и по барање на Управниот одбор, го земам како пример, Управниот одбор на Хидрометеоролошкиот завод има сериозни проблеми кои даваат услуги на многу министерства и стручни, да речеме, на Министерството за екологија и животна средина, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и тн., навистина им е крајно нужно во делокругот на нивната работа да имаат својство на правно лице. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, за гласале 9, воздржани 3, против 47.

Уште еданш ве молам да го утврдите бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 во постојниот член 5 за

додавање нов став 7 по ставот 6, поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1-а по членот 1, поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василески:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Божиновска Валентина, повелете.

**Валентина Божиновска:** Претседателе, жалам што Владата и овој пат за овој член еден, во кој ние би сакале да се додаде член 1-а во кој го тангираме членот 9 со нов став 3 кој гласи дека податоците од став 2 на овој член можат да бидат дадени само врз основа на судски наредби, за кои постои сомнение за сторено кривично дело против државата. Сметам дека со тоа аплицираме еден сериозен правен вакум кој може да се случи, но обратно од ова, доколку би се прифатил овој амандман сметам дека би дале широка апликативност на својство на судските и правните органи. Овој амандман би ја дефинирал потребата од измена на член 9 кога со закон постои заштитена информација која непосредно е класифицирана поради заштита на националната безбедност и личните податоци на граѓаните, кој е дефакто заштитен и со закон. Меѓутоа, овој одреден вид на податоци врз основа на судска наредба да биде достапен и до правосудните органи и органите на прогонот кога постои реално и основно сомнение дека е сторено кривично дело против државата. Сепак, водејќи сметка за определен вид на високо класифицирани информации, како и информации за личните податоци на граѓаните, во кои тие би претрпеле било каква штета или пак би се нарушиле човековите права согласно Декларацијата за човекови права загарантирани во Уставот како темелни вредности. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Јаневска Весна, повелете.

**Весна Јаневска:** Бидејќи, овој е суштествен предлог кој ние го даваме, значаен за функционирање на правото, а е во врска со овој закон, го молам претставникот на Владата да објасни зошто не би прифатил вакво нешто што претставува прпуст во претходниот закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василески:** Со оглед на тоа што вакviот предлог од пратеничката не е предмет на уредувањето на овој закон, тоа е уредено во друга законска процедура.

**Љубиша Георгиевски:** Обидете се погласно да зборувате.

**Сашо Василески:** Со оглед што вакviот предлог од пратеничката е неумесен, затоа што истиот не може да биде предмет во оваа законска процедура, затоа што вакviот предлог е нормиран во друга постапка, поточно во Законот за кривична постапка. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Претполагам Весна Јаневска да има реплика. Повелете.

**Весна Јаневска:** Да, овој предмет ќе биде регулиран во повее закони, но сметаме дека заради усогласување со тој закон и овде треба да се направи оваа измена. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник, за гласале 10 пратеници, воздржани 2, против гласале 47 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 1-а по членот 1, поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор пратеникот Валентина Божиновска. Повелете.

**Валентина Божиновска:** Почитуван претседателе, уважени колеги пратеници,

Во пледоајето на премиерот, кога се избираше оваа Влада, а мислам дека и дел од нивната програма која алудираше на евроинтеграциските процеси на Република Македонија, мислам дека она што го работи Секторот, а што го работеше и претходната влада сериозно и онака како што треба, ние сме на пат на утврдување на Комисијата за европски прашања за националната стратегија, која укажува на еден сериозен динамизам кој Република Македонија, а најмногу овој Законодавен дом треба да ги носи тие закони. Сметаме дека императивот кој го дава и меѓународната заедница воопшто дека ќе биде добро во иднина ако не овој пат, дека Република Македонија ќе мора се она што го работи Секторот за европски интеграции, а дефакто го има, апликациите што ги работи, новите кадри кои се создаваат и кои допрва треба да се создаваат, мислам дека во број ги има околу 67 оваа година

како нови кадри кои ќе работат на евроинтеграциските процеси на ниво на сите министерства. Тоа се кадри кои и те како ќе вложуваат на она што веќе беше сработено и на она што треба да го сработи Македонија со динамизмот на законските регулативи кои треба да ги носи овој Дом. Мислам дека од витално и стратешко значење е Република Македонија да има вакво министерство, а со тоа би покажале еден сериозен предзнак за нашето членство во евроинтеграцискиот процес.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник, гласале 58 пратеници, за гласале 5, воздржано 4, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето)

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во салата се присутни 60 пратеници, го поништувам гласањето.

Објавувам пауза од 15 минути.

(Пауза од 11,42 до 12,03 часот)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

(По пребројувањето од страна на службите во салата има 59 пратеници)

Ги молам службите уште еднаш да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Го повторувам гласањето по амандманот на член 3 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласањето во салата беа присутни 63 пратеници.

Гласале 60 пратеници, за гласал 1, воздржано 2, против 57.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 6-а по членот 6 поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василевски**: Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Весна Јаневска. Повелете.

**Весна Јаневска:** Со оглед на тоа дека овој амандман е поврзан со претходниот, овој амандман го повлекуваме.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 9, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василевски:** Не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласањето, во салата се присутни 62 пратеници.

Гласале 58 пратеници, за никој не гласал, воздржано никој, против 58.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на членот 9, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Отворам претрес по амандманот за додавање два нови члена 13-а и 13-б по членот 13, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема други пријавени за збор, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласање во салата се присутни 62 пратеника.

Гласале 58 пратеници, сите 58 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање два нови членови 13-а и 13-б по членот 13, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно член 95 став 3 од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Бидејќи за донесување на овој закон е потребно двотретинско мнозинство, гласањето по овој закон ќе го извршиме кога ќе се создадат услови за гласање.

Точка втора...

Процедурално, за збор се јави пратеникот Благородна Дулиќ. Повелете, три минути.

**Благородна Дулиќ:** Сакам да обрнам внимание како го толкувам член 27 од Деловникот на Собранието на Република Македонија. Имено, таму стои дека пратеникот има право и должност да присуствува на седниците на Собранието и да учествува во работата и одлучувањето.

Поставувам прашање на кој начин и за што се зема плата од Собранието на Република Македонија. Дали за присуство на седниците во оваа сала или за присуство во бифето, ресторанот и ходниците на Собранието. Јас разбирам дека секој пратеник има право да гласа вака или онака или да не гласа, меѓутоа, не можам да сфатам да не учествува во работата на Собранието барем со просто присуство на седницата на Собранието.

Јас не знам каква евиденција водите вие за присуството на седниците, дали врз основа на картончето што ќе го подигнат во ходникот пред вратата на оваа седница или за присуство на седницата во оваа сала.

Според тоа, сметам дека навистина по ова прашање треба сериозно да се размисли и да се извести јавноста за што одделни пратеници примаат плата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Оваа деловничка интервенција ја сметам за крајно умесна и користам прилика да ви кажам дека овие проблеми и овие прашања ќе бидат посмасно решени во новиот Деловник.

Процедурално, госпоѓа Весна Јаневска. Повелете.

**Весна Јаневска:** Почитувани пратеници, точно е тоа дека пратениците имаат право и одговорност и во ред е да ја работат својата работа согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Покрај тоа што ова е Законодавен дом, сите ние многу добро знаеме дека овде станува збор за политика. Значи пратениците имаат право тогаш кога не се согласуваат со одредена политика и кога имаат различни ставови од другите политички партии да најдат начин да го запрат она што тие сметаат дека не е во ред.

Поради тоа сметам дека се престроги оценките дека некој не сака да работи. И со излегувањето од салата во овој Дом се работи, и со чекањето надвор пред вратата да се направи кворум исто така се работи, и политичкиот притисок во Собранието е работа. Значи некогаш ние се наоѓаме во ваква ситуација, некогаш некои други ќе се наоѓаат во таква ситуација, но водењето политика е легитимно право на политичките партии и на политичките претставници на тие политички партии. Добро е кога има консензус и кога работиме така како што треба за доброто на државата, но во тоа се состои демократијата и плурализмот, да имаме различни ставови, да имаме различни мислења и во борбата на мислења да дојдеме до она што сметаме дека е корисно.

Затоа, јас се оградувам од таквиот став дека пратениците треба да се оценуваат како ученици, а дека некој треба да ја земе улогата на учител или воспитувач. Ние добро знаеме што правиме и знаеме како ја заработуваме оваа плата. Ние сме избраници на народот и тоа и ќе го правиме, но сметам дека е премногу остро и недемократски да кажете дека не знам што ќе се направело со Деловникот доколку јас слободно го изразам своето мислење и доколку најдам начин, па макар и со неприсуство во салата, да го кажам мојот политички став. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Мислам дека сте совршено во право, тука треба да се прави дистинкција. Имаше еден ирски поручник кој што се викаше Бојкот и по неговото име се здоби политичката тактика на бојкотирање, наречена бојкотирање. Но ако една парламентарна група решила да ја користи таа практика, треба на време да го извести претседателот и да каже точка таа и таа од таму до таму ние ќе ја бојкотираме и тоа е во ред, како што кажа Жерновски дека ќе прават бојкот за законот за полиција до крај. Тоа е сосема легитимно и тоа во печат го изјавив.

Меѓутоа, не можеме овој Парламент да го пласираме како нешто сериозно ако се играме криенка, мижанка. Гледам парламентарци, сериозни луѓе, на чело на државата биле, како ѕиркаат од балкони, клекнуваат. Тоа е една смешна работа, тоа е фарса. Затоа тоа треба да биде организирано. Ако некој сака бојкот да прави, тоа е негово право и ќе рече за тие точки господине претседателе ние намерно нема да бидеме во салата. Молам, тоа е нивно право. Ова се ставови кои мислам дека ќе се прифатат.

Повелете госпоѓо Цветанка Иванова, за збор или дискусија, или процедурално?

**Цветанка Иванова:** Не, господине претседателе, затоа што вие ја затворивте дискусијата, заклучивте по текстот на претходниот закон.

Деловнички би сакала да реагирам.

Прво, дека пратеничката група на СДСМ и на коалицијата "За Македонија заедно" е тука во ова Собрание и ова е сосема легитимен начин на наше постапување. Со начинот на нашето денешно постапување го изразуваме нашето незадоволство како се постапува при донесувањето на законите.

Почитуван господине претседател, овој закон е системски закон. Овој закон регулира важни прашања и ја регулира организацијата и работата на органите на државната управа. Затоа Уставот предвидел двотретинско мнозинство за донесување на ваков закон, вклучително и за измени и дополнувања на овој закон.

Љубиша Георгиевски: Само што го прочитав тоа.

**Цветанка Иванова:** Да. Тоа значи, имајќи ја предвид констелацијата во ова Собрание, без согласност на пратениците од опозиција вие не можете да го донесете овој закон. Ние и во минатиот состав сме донесувале вакви системски закони, но секогаш претходно имајќи предвид дека ни е потребна согласност и од опозицијата, сме се консултирале и со еден општ консензус заеднички сме се договарале и сме ги донесувале ваквите закони.

За овој закон ниту е побарано мислење од опозицијата, ниту се разговарало и ова е начин на кој што ние сакаме да го изразиме незадоволството од третманот на опозицијата од ваша страна во ова Собрание.

Во однос на вашата забелешка и на колешката Благородна Дулиќ дека не сме сериозни и дека ѕиркаме од балкони, точно, нашето ѕиркање од балкони ве натера да се преброите уште еднаш, но не сега 59 да ги правите како 61 присутен, туку ве принуди точно да се преброите и да дадете пауза од 15 минути.

Значи пратеничката на СДСМ и понатаму ќе биде конструктивна, меѓутоа, вие треба да водите сметка дека ова Собрание е сочинето од пратеници од позиција и опозиција и ова Собрание донесува закони, а понекогаш закони за кои е потребна согласност и консензус од опозицијата.

Затоа, денес на овој начин одлучивме да реагираме заради вашиот однос кон опозицијата. Ви благодарам.

(Пратеникот Цветанка Иванова излегува од салата)

**Љубиша Георгиевски:** Господине Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Господине претседател, јас само апелирам до сите мои колеги да се држат до Деловникот и ако има деловничка забелешка или грешка во примената на Деловникот од страна на претседателот на Собранието да ја кажат, но да не отвораме сега прашања од Деловникот за дискусија, бидејќи тоа не е на дневен ред. Да не упаднеме во нова деловничка расправа како за претходниот закон, барем ова да не се блокира со таква работа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Се придружувам на овој апел и затоа прашувам кој има збор по дневниот ред?

Господинот Трајко Вељановски побара збор, повелете.

**Трајко Вељановски:** Благодарам претседателе, пратеничката Цветанка Иванова укажа на некои работи кои мислам дека со самата вистина не коренспондира, затоа што е точно дека за овој закон за органите за управата е системски закон и потребно е двотретинско мнозинство и на некого што му е познато има разговор на таа тема во однос на опозиционите партии да се донесе со консензус овој закон. Имаше и амандмани од опозиционите партии, тие не присуствуваа да дадат придонес во креирањето на носењето на овој закон, затоа мојата интервенција е да се дознае вистината дека за законот за органите за управата е воден разговор и има подршка и од таа страна треба да се донесе овој закон.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор госпоѓа Теута Арифи.

Теута Арифи: Почитуван господине Георгиевски, почитувани пратеници, бидејќи и така дозволивте три минути кога ни се прочита Деловникот и ни се кажа каде треба да биде местото на пратениците, тогаш би ве замолила овие мои три минути процедурални да ми дозволите на демократски начин да кажам каде се пратениците и парламентарната група на ДУИ и ПДП.

Би сакала да кажам дека парламентарната група на ДУИ и ПДП е тука во Парламентот насвоите места, не учествува на оваа расправа затоа што сметаме дека овој закон е многу значаен и би сакале да расправаме пошироко имајќи предвид дека се работи за системски закон кој задира во организирањето на работата на органите на државната управа, што за нас е од посебен интерес како од аспект на внатрешно организирање така и други аспекти кои не засегаат кога се однесува на соодветната и правичната застапеност и другите начела кои произлегуваат од Рамковниот догорвор.

Меѓутоа, за да делуваш внатре во Парламентот, во салата или надвот од салата е демократско право, тоа сме го виделе и во минатото кога парламентарното мнозинство беше повеќе надвор отколку внатре во салата. Од овие причини бараме од вас да имате исто разбирање како што имавме и ние за вас кога вие бевте надвор од салата. Ова е дел од демократското делување. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Вие не бевте тука, истото го реков.

Минуваме на 2 точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот

за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата, со Предлог на закон

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата.

Ве повикувам да гласаме.

Молам службите уште еднаш да проверат колку пратеници има во салата, пред да преминеме на гласање.

Ги повикувам пратениците да си ги заземат своите места во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Во моментот во салата се присутни 62 пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 59 од кои 56 за, 2 воздржани, 1 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеника, од кои гласале 59.

За гласале 56, воздржани 3, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законт.

Отворам претрес по текстот по Предлогот на законт.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за додавање нов член 2-а по членот 2 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законто.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Спасовски, имате збор.

**Оливер Спасовски:** Почитуван претседателе , почитувани колеги пратеници, сакам да го изнесам мојот став и ставот на пратеничката група по однос на Предлогот закон за изменување и дополнување на законот за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата.

За овој закон расправавме и на Законодавно-правната комисија и на работните тела на Собранието и тогаш го искажавме нашиот став за воздржаност и од потребата за донесување на еден ваков закон, имајќи го предвид она што од Владата е доставено како причини поради кои треба да се донесе овој закон.

Мислам дека со овој Предлог за изменување на законот навистина не се решава нешто суштински во оваа свера, туку се прават интервенции кои се сосема наменски во одреден момент и мислам дека на ваков начин не приоѓајќи систематски да даваме решенија за одредени институции ќе навлеземе во една непотребна игра која во овој момент се донесува.

Една од причините заради која се донесува пишува дека е условена од констатираните недоречености во некои одредби од законот, а со кои се утврдуваат одредените права на членовите на семејството на претседателот на Република Македонија чија функција престанала пред истекот на неговиот мандат поради тоа што тој починал.

Измените се предлагаат во членовите 13 и 15 во кои се регулираат правата на децата на претседателот по неговата смрт за време траењето на мандатот.

Имајќи предвид дека овој закон е донесен на седницата одржана на 2 јули 2004 година, тогаш се разговарало за регулирање на оваа област заради тоа што имавме причини за такво нешто и она што во тој дел го имаме донесено како закон, мислам дека сосема ги задоволува потребите од регулирање на оваа материја. Покрај тоа што и во делот на обезбедувањето на станбен простор за живеење, во членот 15, така и за правата на децата на претседателот кој починал во времето на вршењето на функцијата.

Во таа смисла е предвидено во членот 13 во случај на смрт на претседателот на Република Македонија за време траење на мандатот неговите деца имаат право на стипендија за школување во земјата или странство до наполнети 26 години возраст.

Сега, со измените кои ни се даваат како предлог, една од главните причини е дека сосема до крај не се наведени условите како и на кој начин можат да се користат овие права што ги дава членот 13 и се додаваат зборовите “како и другите трошоци поврзани со школувањето, такси за пријавување, сместување, исхрана, патни трошоци, здравствено осигурување”.

Во членот 15 во кој се говори за обезбедување на станбен просто децидно стои дека во случај на смрт на претседателот на Република Македонија за време траење на мандатот семејството има право на сопственот на градежно неизградено земјиште за изградба на семејна куќа со регулиран надоместок за уредување на градежното земјиште или право на сопственост на стан. Ако семејството го користи правото на

сопственост на градежно неизградено земјиште од ставот 1 на овој член до создавање на услови за живеење во семејната куќа, семејството може да користи сместување во недвижност во сопственост на Република Македонија или изнајмена недвижност без надомест за користење и за тековно одржување на недвижнста, но најдолго до три години од денот на предавањето на зејмиштето од ставот 1 на овој член во сопственост на семејството.

И за овој член мислиме дека сосема ги регулира правата и од тука произлегува нашата воздржаност од самата потреба на измени и дополнувања.

Имајќи ги предвид оптоварувањата на Буџетот на Република Македонија, имајќи предвид дека имаме и други категории на лица во Република Македонија кои исто така има потреба да им се регулира статусот или на нивните семејства, пред се тука мислам на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства каде значително иако го загубиле сопствениот живот бранејќи ја Република Македонија имаме значително помали права во однос на семејствата и на нивните деца и во однос на школувањето или во однос на обезбедувањето на станбедното прашање каде стои во членот 11 дека добиваат стан по закуп.

Токму од тие причини мислам дека ваквиот закон не треба да биде донесен во овој момент затоа што е исклучиво одлука базирана не врз систематско решение на ваквите проблеми, туку исклучиво за она што е предвидено во членот 15 за изградба на куќата која во овој момент семејството на починатиот претседател избрало дека ќе го искористи правото за градежно неизградено земјиште.

Затоа го изразувам мојот став дека нема да гласам за овој закон, ќе гласам воздржано имајќи ги предвид сите овие причини кои ги наведов.

**Љубиша Георгиевски:** Дали уште некој се јавува за збор?

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на галсање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 66 пратеника, гласале 64, од кои 52 за, 12 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе закон за изменување и дополнување на законот за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата.

Минуваме на 3 точка - Предлог за разрешување од функцијата Јавен обвинител на Република Македонија

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам претседателе,

По повод оваа точка на дневниот ред би сакал навистина и покрај тоа што вие ги изнесувате вашите ставови за работата на Собранието од таа говорница како претседател при што имам впечаток дека најчесто ја заземате страната на мнозинството. Тоа е ваше политичко право исто како што е мое политичко право да констатирам дека јас како припадник на опозицијата во Парламентот не се чувствувам доволно заштитен од вас за да ја извршувам својата функција.

По повод оваа точка би сакал да го констатирам следното: По мое паметење, со оглед дека никој од нас немаме материјал со нас во моментот кога вие ја отворате дебатата по точката, Владата пред 10-на дена достави до нас материјал односно предлог. Оваа седница е закажана пред повеќе од 20-на дена, вие имавте можност се до вчера оваа точка да ја дополните на дневниот ред и да не доведете во ситуација елементарно да бидеме подготвени за дебата и одлучување. Вие тоа не го направивте и сега во 11,00 часот еден пратеник од власта предлага да се дополни точка, вие ја ставате на дневен ред, или Владата, сеедно, ја ставивте на дневен ред и сега не знам што очекувате од нас. Елементарно е барем да ни дадете десет минути пауза да си ги земеме материјалите за да знаеме за што дебатираме или да дадете пауза, што јас не ја барам, меѓутоа очекував дека вие тоа ќе го направите барем половина саат претеничките групи да заземат став.

Вие ни уфрлувате точка на дневен ред денес, сега очекувате од нас да дебатираме. Секој ден сме со законот за полиција, во меѓувреме добиваме нови закони на кои треба да поднесуваме амандмани, додуша ретко ги добиваме од Владата, одиме на нова седница, ни пишувате во дописот што го добивме од вас веднаш по седницата продолжуваме со законот за полиција каде исто имаме подготвено дискусии и ни уфрлате точка во која јас ве уверувам дека никој, освен тој што бил консултиран од страна на Владата, а ние како пратеничка група не сме биле, сега сме во ситуација ајде одлучувајте.

Јас нема да дебатирам за точката и протестирам за начинот на кој како пратеник сум доведен во позиција да треба да размислувам и одлучувам во услови кога пред мене го немам ниту материјалот ниту сум подготвен.

**Љубиша Георгиевски:** Треба да ви кажам дека дел од вашите аргументи држат, но треба да разберете во каква ситуација се најде Парламентот околу непредвиденото долго траење на дебатата за законот за полиција од една страна.

Второ, она на што јас сметав, можеби згрешив, но сметав на известеноста на пратениците со оглед на тоа дека овде се водеше жестока, опширна и

аналитична дебата по однос на самиот предлог за разрешување на Јавниот обвинител и дека тогаш прилично темелно и прилично сестрано се расветли тој случај.

Но, молам, јас го уважувам вашиот аргумент и овој час сакам да го искористам да ви упатам, ако тоа ви значи нешто, без трунка иронија, еден комплимент дека вашите дискусии секогаш се темелни, за разлика од некои други аргументирани и конзистентни.

Повелете пауза 15 минути. Повелете.

**Владо Бучковски:** Претседателе, јас сакам да ги добијам вашите комплименти за конструктивноста, но мислам дека беше редно министерот за правда кој беше еден од оние учесници во таа темелна расправа да биде овде.

Јас се придружувам на ова што го бара колегата Поповски не гледам зорт или брзање да не може оваа точка да биде по завршување на побитната, за нас, а тоа е законот за полиција, освен ако нема нешто што ние не знеме. Бидејќи беше најупатен не заменикот, туку министерот за правда кој даде голем придонес во стручната расправа околу законитоста на поведување на постапката, но бидејќи тогаш направивме компромис, сметам дека доликува на Парламентот да ги штити институциите - институцијата Јавен обвинител. Тогаш ние ви дававме предлози што може вие на паузата да размислите од што се плашиме да дојде овде Јавниот обвинител. Правиме преседан, еден човек го ставаме на столбот на срамот и бараме негово повлекување односно извесно е заради поддршката што ја има парламентарното мнозинство тој ќе биде денеска разрешен, но зошто да не го слушнеме онака како што вашите претходници дадоа можност претходните јавни обвинители да кажат не во своја одбрана, туку можеби да потврдат дека не е се така црно во Јавното обвинителство, веќе има многу сериозни реформи, дека имаме многу направено работи со кои треба сите да се гордееме, а заради субјектините слабости на поединец за да не трпи целата институцаја, можеби обраќањето на Јавниот обвинител ќе биде искористено тој самиот да се соочи со реалноста и самиот да понуди решение кое нас пратениците нема да не доведе во позиција да одлучуваме без сериозна расправа, затоа што минатиот пат, мора да признаете имавме само процедурална расправа. Благодарам за вашето разбирање.

**Љубиша Георгиевски:** Минатиот пат имавме само процедурална расправа, затоа што таа расправа беше адекватна на ситуацијата. Тоа не не сречува сега да имаме исцрпна расправа.

Како што знаете, јас прашав кој бара збор. Тоа е прво.

Второ, сите барања за определена реверзибилност на одлуките, договорите и дискусиите во Парламентот се депласирани, затоа што ако враќаме одлуки, некој може да предложи ајде да вратиме од трета седница, тогаш згрешивме. Значи, ние дискутираме, заклучуваме и реверзибилно што е основен услов на ефикасноста.

Затоа, молам, кој бара збор, бидејќи ги уважувам аргументите, но пред тоа, давам пауза, ако сакате и половина час, ако не ви е доволно. . .

(Пратеници бараат збор процедурално)

Повелете господине Трајанов процедурално.

**Павле Трајанов:** Господине претседателе, мислам дека нема потреба да им се извинувате на пратениците од СДС. . .

**Љубиша Георгиевски:** Јас не се извинив.

**Павле Трајанов:** Затоа што не се во право, бидејќи Владата на Република Македонија уште на 29 септември достави Предлог, согласно член 66, став 1 и 2 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, на седницата закажана за 5 октомври да расправа, меѓу другото и по Предлогот за разрешување од функција јавен обвинител на Република Македонија. Оваа седница беше најавена. Пратениците имаа доволно време да се подготват, доколку сакаа да учествуваат во расправата. Таа седница беше одложена. Денеска се држи. Така што, мислам дека апсолутно не држат нивните објаснувања дека се крши Деловникот дека не се дозвлува доволно време за расправа или за аргументирана расправа.

Мислам дека ние можеме да продолжиме да работиме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, побараа пауза.

(Пратеник бара збор процедурално).

15 минути пауза па потоа.

(Пратеникот инсистира на процедурално добивање збор).

Барате збор пред паузата?

Повелете, има збор пратеникот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Почитуван претседателе,

Мојата интервенција ќе биде чисто процедурално. Заклучокот на Собранието, кога ја водевме расправата беше дека се поведува постапка за утврдување на одговорност за разрешување на јавниот обвинител.

Ние, за да постапуваме денеска по тој заклучок од Владата не добивме никаков материјал. Освен една реченица дека се предлага со заклучок да се разреши јавниот обвинител, ние немаме материјал и образложение како е водена постапката, согласно заклучокот на Собранието и кои се аргументите произлезени од таа постапка, на кои се темели денешниов заклучок. Затоа немаме услови денеска да постапуваме. Тоа е битна процедурална повреда што ја надоврзува на пртходното што го кажаа пратениците Поповски и Бучковски.

Затоа, во овој момент треба една подолга пауза не од половина час, да се дополни овој материјал

од Владата, да ги оставиме другите аргументи на страна, за кои што процедурално говоревме дека не можеме според сегашниот Закон согласно новите уставни амандмани да се разреши обвинителот и ако го направиме тоа ќе навлеземе во нов правен вакум бидејќи не може да се избере нов без донесувањето нов закон за Јавно обвинителство каде што ќе треба мислење од Советот на јавни обвинители. Сите тие процедурални аргументи сега ги оставам на страна.

Ние, не можеме против силата на бројките на мнозинството, кое иако решило така да ја спроведе работата нивна ќе биде одговорноста, односно и ваша, на сите заедно за кршење на Уставот и законот, односно уставните амандмани, но настрана од сето тоа се наоѓаме во една друга процедурална фаза, па затоа барам, тоа е наш официјален предлог, дополнување на материјалот. Бидејќи тоа не е никаков материјал, само една реченица заклучок, кој не е поткрепен да видиме во што се состои гревот на јавниот обвинител. Затоа што ние рековме, како СДСМ, не го штитиме персоналното решение на јавниот обвинител, туку ја штитиме процедурата и владеењето на правото. На ваков начин не може Владата да прави упади и со уште една процедурална грешка да не доведува сите во заблуда и да не знаеме врз основа на што расправаме.Сакаме не само да дојде јавниот обвинител, туку да го видиме заклучокот поткрепен со образложение, а не сувопарен заклучок од страна на Владата.

Мислам дека, ако ова дозволите да се претовир во пракса, ќе биде сериозен негативен преседан за прекршување на Деловникот. Ве молам претседателе, да ја уважите, јас се задржав на процедурална забелешка, да го уважите и сфатите ова сериозно и одговорно.

**Љубиша Георгиевски:** Половина час пауза.

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,23 часот).

Продолжуваме со претресот.

Молам кој бара збор?

Макрадули Јани, повелете.

Барате збор процедурално или збор барате. Значи, барате збор, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе,

Иако се јавив за збор, единствено што ни преостанува на нас пратениците е да зборуваме за процедурата од проста причина што образложението што дојде од Владата за Предлогот за разрешување од функцијата Јавен обвинител на Македонија го нема, односно ќе го прочитам образложението што е потпишано од господинот Груевски од 26 септември.

Предлог за разрешување од функцијата Јавен обвинител на Република Македонија.

Образложение: Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 20 септември го разгледа Предлогот на Владата за поведување постапка за утврдување одговорност за разрешување на господинот Александар Прчевски од функцијата јавен обвиннител на Република Македонија.

Собранието на Република Македонија утврди дека, согласно член 58 став 1, точка 6 од Законот за јавно обвинитлство е исполнет основот за разрешување од функцијата јавен обвинител на Република Македонија.

Овие два става се однесуваат на нешто што како дебата, процедура, и на крајот Одлука имавме овде во Собранието.

Третиот став вели дека, имајќи го предвид наведеното, Владата на му предлага на Собранието на Република Македонија, согласно наведениот член од Законот за Јавно обвинителство именуваниот да го разрешат од функцијата јавен обвинител на Република Македонија.

Претпоставувам дека на седницата на Владата се отворила расправа и биле дадени низа аргументи што одат во прилог на ваквиот предлог од страна на Владата. Би било добро да и ние, како пратеници ги добиеме истите, односно на почетокот од оваа расправа министерот за правда или во овој случај заменикот министер за правда да даде образложение или го образложи Предлогот од страна на Владата. Бидејќи немаме содржина по која што можеме да расправаме, принудени сме нашата дискусија да ја водиме во процедурални рамки. Од една страна бидејќи нема образложение од страна на Владата, а од друга страна не е дадена можност на јавниот обвинител на Република Македонија, зборувам зза институцијата Јавен обвинител на Република Македонија да може овде во Собранието во траење од десет или 15 минути, согласно Деловникот и законите ја образложи или го даде своето видување за ваквата иницијатива од страна на Владата.

СДС неколку пати нагласивме дека не може да поддржи ваков начин на разрешување на, можеби четвртата или петтата функција по важност или институција по важност во една држава. Не е добро за демократијата, не е добро за градењето на капацитетите на државата, не е добро за концептот за спроведување на закон и ред, за што се залага владеачкото мнозинство.

Затоа, почитуван претседателе, јас знам дека нема можност или нема волја од страна на парламентарното мнозинство, од ваша страна, Владата си е само предлагач, да го поканите јавниот обвинител на Република Македонија и тој да одговори, во овој случај не ни знаеме за што треба да одговори бидејќи не се наведени, барем таксативно да беа наброени случаевите врз база на кои што се поведува оваа остапка за да можеме ние како пратеници кои не сме запознаени со тоа што се дискутирало на седницата на Владата, да го дадеме нашето

мислење како би знаеле како да се произнесеме по ваквата индицијатива од страна на Владата.

Од почетокот на работата на оваа Влада сме сме сведоци на неколку упади во процесот на разрешување на одредени функционери, па за тоа Државната комисија за спречување на корупцијата и го нагласи со свој заклучок, дека има непочитување на Уставот при разрешувањето на функционери, каде што ќе цитирам, вели: “Имајќи ја предвид вака утврдената фактичка состојба, како и поединежните решенија за разрешувања што беа доставени, Комисијата утврди дека во овие постапки не се почитувани Уставот и законите, како ни пропишаните процедури и критериумите”.

Затоа минатииот пат зборуваа моите колеги Спасовски и Кондарко. За неможноста за преземање на ваков чекор, а за сеќа и за добробит на јавноста, Државната комисија за спречување на корупцијата се вклучи со свој став, дека има непочитување на Уставот при разрешувањето на функционерите.

Организацијата “Транспарентност” не можела да каже, затоа што слушаме вчера, заради активности на заменикот премиер, заради активности на еден висок државен функционер, заради висок политички службеник и односите што владееле внатре е затворена од страна на седиштето во Берлин, што претставува удар за Република Македонија. Веројатно, тие ќе излезеа со свој став, но некој ги затвори вратите.

Од друга страна, она што стои во јавноста, она што лебди во јавноста, не само лебди, туку стои како стручно мислење, што го даде Здружението на јавните обвинители на Република Македонија, каде што точно се наброени чекорите, постапката и начинот на кој што е пропишано како се доаѓа до нов јавен обвинител, дали е можно во овој момент, согласно уставните измени да се преземе ваков чекор. Не мислам дека стручното мислење на едно цело Здружение можеме да го оставиме на страна и да го апсолвираме како мислење на одредена група. Напротив, тоа се личности кои со својот авторитет и својата работа изградиле свои позиции внатре, во рамките на Обвинителството. Доколку сакаме да изградиме еден систем со јасна дистинкција на законодавната, извршната, судската власт, мораме да изградиме систем во кој што ќе ги почитуваме мислењата пред се во овој момент во овој случај стручната фела.

Во овој случај во јавноста се произнесоа и одредени професори, без разллика тоа што ние го зборуваме овде, сметам дека ,многу поголема тежина има мислењето на Здружението на јавни обвинители на Република Македонија.

Затоа, претседателе, се наоѓаме во една ситуација каде што сме сведоци на една политика, не знаеме ни дали се аргументирани или неаргументирани, бидејќи не ги знаеме оценките за стручноста на јавниот обвинител, денеска треба да се произнесеме и треба денеска да дебатираме.

Сметам дека институцијата, уште еднаш да повторам дека не зборуваме за личност, институцијата Јавен обвинител заслужува, заслужува да добие повеќе од една реченица како образложение од страна на Владата, се разбира со дозата на загриженост, од што се плаши јавноста или Парламентарното мнозинство, па овде не е поканет јавниот обвинител да може да си ја каже, да го каже своетомислење.

Остануваме на дилемата дека, не на дилемата, туку не можеме да зборуваме за фактите затоа што главниот поборник за смената на јавниот обвинител денеска, тука министерот Маневски не е присутен и не можеме ниту од таа стана да имаме дополнителни образложение за тоа како да продолжиме, на кој начин да се определиме во овој момент.

Затоа мислам дека нажинот за работа што сме го одбрале, по итна постапка, согласно членот 66 ставовите 1 и 2 од Деловникот, вметнуваме една точка на дневен ред во услови кога сите зборуваме колку е важен законот за полиција, но од друга страна сакаме да средиме некои работи надвор од процедура и надвор од Устав. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господинот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата,

Дозволете да го изнесам своето мислење по оваа точка на дневен ред.

Првото ќе биде дека, за разлика од мојот колега Трјанов, јас не можам да го изнесам своето мислење врз основа на материјалот што е доставен. Единствениот факт што во Собранието беше прзентиран е говор на министерот за правда, кој денеска не е тука, меѓутоа претпоставувам дека заменикот го претставува тоа мислење што беше изнесено во дебата, од што имаме стенограм. Меѓутоа, најчесто тоа не е составен дел на предложените документи во Собранието, како што е овој Предлог за разрешување. Сакам да укажам дека ако вака ги гледаме работите, дури и да имаме мотиви за разрешување од страна на Собранието на Александар Прчевски, од фнкцијата јавен обвинител, тогаш се тие неподнесени до нас и отвораат една дилема зошто мора на овој начин сето тоа да се прави.

Мојот личен впечаток за оваа точка, Владата и Собранието имаат секогаш избор да демонстрираат политика и да демонсрираат сила. Се разбира, во политиката се можни двете и дозволени. Затоа суди некојд руг надвор од Парламентот обично. Мислам дека Владата, на погрешен начин, овој пат наместо да демонстрира политика по однос на обвинителот, што на крајот на краиштата може да биде

легитимно, иако ќе кажам зошто во овој случај мислам дека е спорно, во овој случај Владата одбра а мислам дека Парламентот денеска демонстрираше дека ја прифаќа политиката на сила.

Ми се чини дека изминатите три години државава работеше на уставните реформи што се приведени при крај. Дел од нив се имплементирани во закони. Тие нема да дадат резултат ако ние продолжиме уставните реформи да ги третираме како резидуална штета во системот и постојано бараме начин да тие, на некој начин, ги занемариме и секогаш да важат од идниот пат. Мислам дека во случајот на обвинителот уставните амандмани ќе важат од идниот пат. Имав впечаток дека Македонија постојано работи нешто како што треба, меѓутоа од идниот пат, не од овој пат.

За мене е високо контраверзо, господине претседателе, неприсуството на господинот Прчевски тука. Ова го поставувам принципиелно. Не заземам страна, меѓутоа јас господинот Прчевски, а верувам и многумина од вас го слушнавме во медиумите, кажа дека би сакал да биде поканет и 15 минути да образложи што тој мисли за директните јавнио обвинувања што беа изнесени од министерот за правда. Ако Собранието не може да најде сила на такви обвинувања, што стојат во стенограмот а не и во докментите, за жал, барем да го сослуша функционерот кој самиот го избрал, во овој или во некој минат состав, мислам дека е проблем на демонстрација овеќе на сила отколку на една нормална постапка.

Вие, господине претседателе, вчера ве слушнав во една расправа по еден друг закон, кажавте дека демонстрирате "бонисима фида", да ве цитирам, меѓутоа во овој случај не гледам ни "бона фида" да демонстрирате. Не треба бонисима, доволно е бона фида да демонстрирате, господинот Прчевски да го сослушаме. Затоа што јас, како пратеник би сакал официјално да ги слушнам неговите образложенија по повод сериозните обвиненија што овде беа изнесени. Меѓутоа, очигледно дека тоа нема а се случи. Така што скратено ни е уште едно право да слушнеме контрааргументи на било какви аргументи од едната страна.

Завршувајќи ја дискусјата би сакал да укажам и на следново, кои се претпоставените на тамошни чекори во државава. Во моментов расправаме за обвинител, знаејќи ги односите во Собранието, претпоставувам дека многу брзо ќе останеме без јавен обвинител, односно ќе биде разрешен. Знаеме дека Советот на обвинители не е конституиран согласно Уставот, дека немаме, согласно со Уставот, мислам дека е еден од ретките, еден или два закони од 30-тината во оваа сфера со реформата на судството, обвинителството, и другите слични органи што не е донесен и немаме закон. Тоа за мене значи дека многу брзо ќе немаме  Совет на обвинители, ќе немаме Закон за обвинители согласно со Уставот, ќе важи стариот што е во контрадикција, што требаше до 7 септември, заради вакум со предвремените избори не се случи, значи ќе имаме една малку куца институција во време кога Владата демонстрира дека Обвинителството е преку потребно за да функционираат институциите на системот на начин како таа сака. Дозволете да претпоставам, можеби нема да бидам во право, меѓутоа да претпоставам дека ниту Советот на обвинители, ниту Законот што не е ниту во прва фаза помина, нема да помине пред Нова година, што значи минимум три-четири месеци во двете фази Законот ќе треба да го помине Собранието и после него да се преземат дејствијата. Што значи дека ние, се плашам дека влегуваме во ситуација во која некој заменик, не знам по кои одредби, кој ќе го назначи, дали Владата, не знам дали има одредби, но би сакал да го слушнам заменикот да ни соопшти ако дојде до разрешување на јавниот обвинител кој ќе ја извршува функцијата од неговите заменици, дали треба некој да го назначи, дали Владата ќе преземе чекор, дали Собранието тој да го заменува. Меѓутоа, имам впечаток дека во наредните четири - пет минимум месеци ние ќе останеме без функцијата Јавен обвинител на Република Македонија. Тоа, искрено да кажам ме загрижува.

Затоа сметам дека оваа седница е малку повеќе демонстрација на сила отколку редослед на чекори што Владата сака да го постигне за да дојде до целта што самата ја прокламираше.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има пратеникот Цветанка Иванова.

Има пријавени за реплика.

За реплика се пријави пратеникот Ѓорчев, има три минути реплика.

Дали некојд руг се пријавува за реплика?

Трајанов Павле три минути реплика.

Дали има уште некој? (Нема)

Овие две реплики, по три минути, по три минути после секоја реплика по една минута контрареплика. Се договоривме.

Повелете, господине Трајанов.

**Павле Трајанов:** Господинот Никола Поповски коментираше дека нема доволно време за да се подготви да расправа на оваа седница, затоа што нема доволно материјали, аргументи итн.

Мислам дека, кога расправавме по Иницијативата на Владата имаше и образложение, имаше расправа, а имаше и излагање од страна на министерот за првда. Тогаш беа изнесени бројни аргументи зошто се поведува оваа постапка за разрешување на јавниот обвинител на Република Македонија.

Ниту тогаш, ниту сега не слушнавме став од пратениците на Социјалдемократскиот сојуз дали

се за или против, односно дали се тие задоволни од неговата работа во изминатите 4 години па да се продолжи мандатот, или пак не се задоволни. Моја оценка е дека Јавниот обвинител како надлежен државен орган кој што треба да ги гони сторителите на кривични дела, дека не одговори на функцијата. Доволно е само да посочам, еве четири години се случувала една афера со милионски средства, тоа е аферата ФИКОМ, каде ниту Јавниот обвинител, ниту пак другите државни институции не направиле ништо да превенираат да продолжи во континуитет еден криминал од такви размери. Само доволно е за тоа да ги прашаме сите државни институции што правеле во изминатите четири години. Така што мислам дека има бројни аргументи, ако сакаме да расправаме, но добро е да видиме дали пратеничката група на СДСМ е и натаму за тоа да остане Јавниот обвинител на оваа функција. Да видиме, да ги соочиме аргументите, кој е за, кој е против. Тоа сигурно дека ќе ги интересира и граѓаните на Република Македонија кои во основа изградија став дека отсуствува ефикасна борба против криминалот и корупцијата во Република Македонија, а еден од основните носители на оваа активност се и државниот односно Јавниот обвинител на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има ли контра реплика?

Повелете господине Поповски имате една минута контра реплика.

**Никола Поповски:** Токму од причините за кои вие сега говоревте господине Трајанов, а јас мислам дека треба да дојде Јавниот обвинител кој вие го обвинувате, да ги соопшти своите аргументи и јас да изградам став.

Ние овде сме соочени со едно мнозинство кое дава обвинување на кое нема кој да одговори. Ако господинот Трајанов очекува јас како пратеник да кажам што работел обвинителот, греши. Сакам да го сослушам него и аргументите да ги спротивставам. Ако господинот Трајанов смета дека има однапред некои спорни судски спорови во Република Македонија, треба да пресудиме какви се, па од тој агол да гледаме после дали некој во таа насока работел или не, мислам дека греши уште повеќе. Тој сега извршува пресуди со спомнување на случаи. Такви дестина случаи беа спомнати од страна на министерот минатиот пат и сите ги пресуди дека обвинителот лошо ги водел, без да знаеме каков ќе биде епилогот и без да слушнеме контра аргументи. Тоа е тоа што ме плаши, политичката арбитрерност во нешто во што ние немаме надлежност.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Ѓорчев, повелете вие со вашата реплика, имате три минути.

**Владимир Ѓорчев:** Благодрам претседателе.

Би му реплицирал на колегата Поповски во делот на она што се нарекува и процедура и постапка и компетентност и работа на Александар Прчевски. Значи, она што се сака да се постигне со смената на Александар Прчевски не е никаков упад во системот, туку превенирање, заштита на институциите и нашето општество, од некометентноста, пристрасноста, селективноста и немањето на резултати во борбата против организираниот криминал на Александар Прчевски. Секој изминат ден со овој јавен обвинител значи загубен ден за македонската држава, за македонските институции и резултатот, сума сумарум, кога се ќе се собере и одземе е дека нашата држава е на 103 место според корупцијата, со оној министер за финансии што го имавме, со оној Јавен обвинител што го имавме, со оние луѓе во Владата кои што ги имавме, кои едноставно ја доведоа македонската економија да биде ваква каква што е и едноставно сосотојбата на корупцијата во Македонија да биде ваква каква што е, евидентна и се присутна.

Смената на Александа Прчевски е почеток на менувањето на работите во позитивна насока, затоа што во моментот навистина сме на лошо место. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика за господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Сега освен јавен обвинител на Република Македонија, господинот Ѓорчев се промовираше и во политички обвинител од типот на многумина што поминале низ ова Собрание до 1990 година.

Има една пострашна работа од тоа да бидете рангирани на 103 место. Има една пострашна работа од тоа да имате кредитен рејтинг 9 плус, а тоа е да немате ранг.

Политиката во која сега трча во галоп Владата и господинот Ѓорчев, поддржувајќи ја неа, ја води Македонија во ноу рејтинг ситуејшн. Ние веќе ќе немаме ранг.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе, колеги пратеници, господине претставник на предавачот.

Би сакала и јас да го искажам своето мислење околу ова мислење што денес наврат нанос е ставена на дневен ред.

Прво, би сакала да го искажам своето зачудување како можеше денес по член 66 од Деловникот, како итна и неодложна работа да се стави оваа точка да се стави на дневен ред, иако знаеме дека за предлогот за поведување постапка за утврдување на одговорност за разрешување на јавниот обвинител, господинот Александар Прчевски го расправавме уште на 20 септември 2006 година, на седница. Дали тоа значи и понатаму ставање на пратениците од опозицијата, пред свршен чин, да не можат да се подготват. Не може со барање на пауза од 15 минути и едно штуро образложени не предметот, да бидеме подготвени. Меѓутоа, сето ова народот го следи и жалосно е што секој ден кршиме или

Деловник или Устав или удираме врз институциите на сисемот на државата, а сите се колневме дека ќе градиме правна држава, дека сме за владеење на правото и правната држава.

Почитуван господине претседателе, како што кажав на 20 септември 2006 година, ова Собрание или поточно мнозинство од парламентарното мнозинство донесе одлука за поведување постапка за утврдување на одговорност за разрешување на обвинителот. И тогаш пак на реакција на пратениците од опозицијата дека се крши процедурата, бидејќи, да спомнам тогаш сакавте на истата седница да се поведе и постапка и наеднаш да биде разрешен јавниот обвинител и тогаш ние реагиравме на процедурата, кажавме дека е пропишана процедура и треба да ја запазиме процедурата и доколку сметате дека треба да се поведе постапка, прво Собранието треба да одука за поведување на постапка и потоа низ институциите на системот, а тоа е Владата, да утврди одговорност на господинот јавен обвинител, Александар Прчевски и по утврдувањето на одговорноста да достави до Собранието, како надлежно за избор и разрешување на јавниот обвинител, да достави материјал во кој ќе се наведат причините заради кои се разрешува односно каде е утврдена одговорноста и предлог за разрешување. Сега, за мое големо изненадување добиваме еден предлог, тоа мислам е минимизирање на институцијата јавен обвинител. Значи еден предлог со образложение од три реда. Мислам дека заслужува повеќе, барем ако не човекот, тогаш институцијата јавен обвинител. Во овие три реда да се констатира само дека Собранието донело одлука за поведување постапка за утврдување на одговорноста и дека Собранието на Република Македонија утврди, согласно член 58 став 1 точка 6 од Законот за Јавно обвинителство е исполнет основот за негово разрешување. Јас не знам кога Собранието утврдило дека е исполнет основот за разрешување на јавниот обвинител.

Почитуван господине претседателе требаше оваа одлука денес да ја донесе ова Собрание, но со големо образложение, зошто, кои се причините заради кои Јавниот обвинител на Република Македонија е одговорен, што погрешил во неговото работење и дека навистина треба да се разреши. Исто така требаше овде да биде повикан Јавниот обвинител затоа што сето ова сега е нагаѓање.

Јас не претендирам дека немало грешки во работењето. Секако, секој жив човек кога работи прави и грешки. Но ја знаете и вие и претходниот пат ја спомнавте максимата, дури и убијците се повикуваат и најголемите криминалци се повикуваат пред судот да си ја дадат својата одбрана. Овде, не знам зошто се плашиме да биде повикан Јавниот обвинител да си ги каже своите аргументи, да си ја даде својата одбрана, она што предлага да каже зошто бара негово разрешување, точно со конкретни податоци, со бројки, со предмети, со начин на постапување, а ние тука, бидејќи со устав сме надлежни, да извагаме, да процениме и да кажеме да, Јавниот обвинител, не како човек, но како Јавен обвинител направил тоа и тоа и треба да се разреши, или не треба. Овде ние Собранието, и со начинот на кој е ставена точката во итна постапка и со образложението кое ни се дава, практично нема образложение, нема утврдена одговорност, ние пратениците се претвараме во преки суд. Значи, донесуваме одлука без докази, донесуваме одлука без факти, донесуваме одлука само заради тоа што така сака парламентарното мнозинство. Можеби ако имаше поголемо образложение од Владата, со конкретни предмети, со конкретно постапување, незаконско постапување на Јавниот обвинител во текот на вршењето на неговата функција. И ако тука му се дадеше можност да каже, можеби и пратениците од опозицијата ќе видеа дека навистина има основ за разрешување на Јавниот обвинител. Но, сега сето ова што го дискутираме,.сето ова што го правиме е на паушална основа. Јас никогаш не би се сложила, бидејќи по вокација сум правник вака, а сиггурна сум дека и сите колеги правници, вака да се постапува, вака грубо да се крши целокупната процедура при изборот и разрешувањето.

И, уште нешто. Господинот Никола Поповски зборуваше околу ситуацијата која што ќе се створи, јас знам дека вие имате доволно мнозинство да ја завршите работата и без нас. И ќе ја завршите. Меѓутоа, ние сме тука секогаш како коректори да укажуваме затоа што ако не укажуваме, секој ден може да ни се случуваат вакви работи и можеби утре ќе дојдат и по некои од вас, можеби и ние ќе се најдеме пак повторно во ситуација на коректори да кажеме дека не е ова процедура и дека треба да се спазува процедурата. Значи може да се случи ситуација, еве денеска ќе се разреши Јавниот обвинител, затоа што вие имате мнозинство, и што понатаму. Нов јавен обвинител неможеме да избереме, затоа што Законот за јавно обвинителство не важи. Ајде и да важи, еве да речеме. Зошто го донесувавме уставниот амандман 30, каде што предвидовме дека Законот за јавно обвинителство ќе се донесува со двотретинско мнозинство. Зошто е тоа мнозинство утврдено. За да може да има повисок, поголем консензус од сите политички претставници тука.

Понатаму, мене ми е ограничен говорот, незнам ..

**Љубиша Георгиевски:** Не би сакал да ви упаѓам во збор.

**Цветанка Иванова:** Ќе привршам господине претседателе.

Понатаму, кажавме тогаш, јас и при донесувањето на уставните амандмани се залагаше Јавниот обвинител да го избира, односно да го избира само Советот на јавни обвинители, значи да има

целосна независност. Јас го држев ставот дека не, бидејќи Владата е таа која што треба да се бори, да го покренува механизмот за борба против корупцијата. Јавниот обвинител е едниот механизам, затоа одлучивме да имаме решение Собранието повторно да остане да го бира Јавниот обвинител, но затоа за да има извесна независност, да има совет на јавни обвинители. А советот на јавни обвинители требаше да го востановиме со Законот за јавно обвинителство, кој што повторувам треба да се донесе со двотретинско мнозинство. И сега, немаме ниту закон за јавно обвинителство, немаме ниту Совет на јавни обвинители, ќе разрешиме јавен обвинител, немаме јавен обвинител, а неможеме ние по стар закон да даваме мандат на нов обвинител, кој што би ја зазел оваа позиција или уште полошо да од постоечките заменици јавни обвинители, кој е тој кој што ќе овласти кој кого ќе овласти да биде или да го заменува јавен обвинител кој што фактички и ќе немаме. Значи се на се, се повеќе запаѓаме во кршење на целокупниот правен поредок. Еве макотрпно го поставувам. И затоа господине претседателе, не требаше оваа точка да ја ставате денеска вака како итна. Требаше можеби материјалот да го вратиме на доработка на Владата со конкретни податоци, требаше да го викнеме Јавниот обвинител и тука можеби заедно сите ќе одлучевме да, има основ за разрешување и ќе го разрешиме. А, сега сето ова е повторно политичка борба за поставување на свој јавен обвинител во мандат на оваа Влада која што пак дава порака и пред јавноста, пред меѓународанта заедница дека ние навистина не градиме институции на системот, туку си ја продолжуваме да си ја политизираме државата. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Пред да дадам пауза за ручек, дозволете ми само една реченица, бидејќи беше често повторувано прашањето зошто не сум го поканил да дојде на седница Јавниот обвинител. Одговорот е и за вас и за јавноста, затоа што на тоа Законот не ме обврзува.

Понатаму, имаше една нијанса околу ова "бона фиде", која требаше да сочи дека јас имам двоен аршин. Меѓутоа, нема ни збор за двоен аршин. Јас кога му пристапив на пратеникот од ДУИ ин бонисима фида, му пристапив затоа што имав бонисима фида кон човекот. Кон актуелниот јавен обвинител, имам нула фиде.

(Пауза за ручек еден час)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,02 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Исто така, го молам заменик министерот да си го завземе своето место.

Збор побара господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Ви благодарам почитуван претседателе.

Значи, кога го говорам ова почитуван, не го говорам затоа што налага редот овде во Собранието туку затоа што и навистина мислам дека тоа е добро однесување и затоа што навистина така мислам. Се извинувам што вас ве земам за пример, зошто сакам да кажам и да продолжам онаму каде што завршивте токму вие пред паузата. Ова вовед во мојата дискусија и не е полемика, ниту реплика на вас, туку како една забелешка во однос на тоа дека вие како институција претседател не сте дошле овде случајно и не сте било кој и покрај вашите лични квалитети за тоа, ние тоа мораме да го почитуваме. Јас навистина мислам и тоа не е фалба, туку тоа е факт дека вие сте демократ и дека имате големи демократски капацитети за борба, борец демократија. Меѓитоа, не можам а да не забележам дека имате и некои аплитуди во однос на тоа како ја водите оваа институција. Значи, да се надоврзам на темата и на дискусијата кога овде опозицијата неколку пати бараше да биде повикан, а вие се изјаснивте дека законот не ве обврзува да го повикате сеуште јавниот обвинител Прчевски, тоа е во ред. Меѓутоа, како демократ, како борец за правдата и за демократијата не можете да ги менувате аршините кога еднаш сте во опозиција и кога еднаш сте на власт. Дотолку повеќе почитуван господине претседателе на Собранието што вие од ова својство и од оваа функција сте деполитизиран, формално сте деполитизиран и настапувате непартиски. Мислам дека дотолку повеќе вашата одговорност во оваа ситуација е поголема. Овде имаме една ситуација кога Владата дава предлог за разрешување на јавниот обвинител без да имаме причини за тоа, без да имаме образложение по кое ќе можеме да дебатираме и да изведеме соодветен заклучок, без однапред никого да обвинуваме, но и никого да не браниме. Затоа не е добро како Парламент од страна на Владата да се доведуваме во една ваква ситуација на свршен чин каде што би рекол политички се егзекутира една институција. Ќе го оставиме носителот на таа функција господинот Прчевски на страна. Ако сакаме да дебатираме за неговата работа прво ќе треба да дојде господинот министер за правда. Секоја почит на заменикот кој е тука, тоа е во ред, меѓутоа мислам дека причините и точката на дневен ред и функцијата на јавниот обвинител е многу значајна и затоа со тоа треба да се даде поголемо значење и од ваша страна претседателе, иако законот не ве обврзува на тоа, меѓутоа јавноста има право да знае за што се работи и кои се причините и мотивите на Владата за разрешување на јавниот обвинител. Реков, ние како пратеничка група не го штитиме персоналното решение на институцијата, туку самата институција. Ние овде оваа дебата освен усното образложение кое беше по мене повеќе општо на господинот Маневски, немаме други аргументи. А заклучокот на седницата беше поинаков на ова Собрание. Да се поведе постапка

за разрешување и во таа постапка да се утврди одговорноста. Ако навистина Владата спровела постапка, бидејќи немаме материјал сега се поставува прашањето и дали е спроведена таква постапка. Не може само врз еден заклучок да се предлага разрешување на вака висока функција. Јавноста мора да знае добро за што се работи. Мислам дека со ваквиот начин на работа и во Собранието и на Собранието се воведуваат недемократски методи со кои од една страна се манипулира јавноста, а од друга страна се сака да се замолчи опозицијата. Тоа не е добро. Јас не сакам да бидам ваш душегрижник на парламентарното мнозинство, меѓутоа почнувате да си го нагризувате рејтингот кој го имате висок, односно опозицијата по изборите. Тоа се разбира за нас како опозиција е добро, меѓутоа не е добро за Република Македонија, затоа што страдаат институциите на системот. Опозицијата СДСМ нема да биде нем набљудувач на тие ваши постапки. Правите упад во правниот систем и овде на препад сакате да разговараме за некои работи за кои немаме материјал, немаме основ. Имаме формално правно една страна. Овде до денешниот ден пристигнаа аргументи од стручната јавност, од Здружението на обвинители во функција на поддршка на Јавното обвинителство и работата на јавниот обвинигтел. Ние немаме овде друга страна аргументите на Владата да ги соочиме и да видиме, ако е тоа така, кој е гревот на јавниот обвинител и како пратеници јавно да дебатираме и ако треба да го пофалиме, ако треба да го осудиме, па дури и ние да гласаме против. Значи, ова е лош преседан во работата, затоа што веќе почнаа некои сомнителни работи да се случуваат и други во работата на Собранието за кои ќе говориме во друга прилика, работа на работ, или под кворумот. Така што не сакам да помислам дека е така, но сепак вие сте одговорен, имаме право да се сомневаме и да ја анимираме јавноста за тоа. Затоа немојте да се чудите кога во рамките на политичката и демократска дебата пратениците, посебно во опозиција ќе бираат легитимни дозволени институционални средства на дејствување и изразување на своето незадоволство со начинот на работата на оваа институција. Ова е највисоката институција во Република Македонија и морате тоа да го имате во предвид. Не можете да ги дисциплинирате пратениците за нивните политички одлуки. Значи да не се чудат некои, затоа што согласно она што пред оваа пауза дадовте уште една пауза по однос на нашите процедурални забелешки, дека нема материјал за расправа. Немаше никаков ефект од таа пауза. Немојте да ни ја префрлате нас одговорноста ниту за кворумот. Вие сте парламентарно мнозинство и вие треба да ги обезбедите тие услови за легална и легитимна работа на Собранието како во однос на кворумот, така и во однос на почитувањето на процедурата. Бидејќи останавте глуви на нашите барања да се почитува процедурата, реков во првата дискусија кога ја носевме оваа одлука да се поведе постапка, кога ние бевме против од процедурални причини, бидејќи не може по стариот закон кој е дерогиран од новите уставни амандмани да се разрешува јавниот обвинител. Еве, ќе го направите со силата на бројките како мнозинство и тоа. Ние  освен политички дебати немаме друг начин како да ве спречиме во однос на тоа и како со нашето анимирање на јавноста, со нашите пред се правни аргументи. Сега како што стојат работите ќе го разрешите јавниот обвинител. Не знам кои ќе бидат идните чекори на Владата. Дали ќе се донесе новиот, ќе се сочека со донесување на новиот закон за јавно обвинителство за кој треба 2/3 овде во Собранието, или ќе се прави повторно политички упад. Не сакам да прејудицирам и антиципирам некои ситуации, меѓутоа како што сте тргнале мислам дека ова е насилие на демократијата. Опозицијата нема да остане нема и затоа пратеничката група на СДСМ после завршувањето на оваа расправа при чинот на гласањето, бидејќи не сакате да удоволите на нашите оправдани деловнички барања, ќе ја напуштиме салата и нема да присуствуваме на чинот на гласањето. Нема да ви држат аргументите дека ние ја блокираме работата, или дека ја напуштаме работата. Мораме да воспоставиме некој ред, а демократијата е организиран ред. Значи, ако сме поборници за демократија ниту можете да ја заќуткувате опозицијата, ниту можете да ни го узурпирате правото да размислуваме поинаку од парламентарното мнозинство кое со силата на бројките може да донесе ваква, или онаква одлука. Меѓутоа, овие работи се гледаат во јавноста и граѓаните можат многу пообјективно да оценат за што станува збор. Значи, со сета почит, немојте да ја сватите дискусијата како полемика со вас, бидејќи сте вие на таа функција и јас си земам право да полемизирам како опозиција со претставник на парламентарното мнозинство, односно за вас лично, бидејќи сте департизиран формално како најодговорен за работата на оваа институција . И кога го викам тоа, почитуван претседателе, верувајте дека не е тоа од куртуазија, туку навистина верувам во вашите демократски капацитети. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави господинот Илија Димовски, три минути.

**Илија Димовски:** Ви благодарам господине претседателе.

Јас навистина не можам да го разберам настапот кој што го имаат пратениците на СДСМ по расправата на денешната седница, односно на оваа точка за разрешување на јавниот обвинител на Република Македонија. Зошто го велам ова? Значи, јас очекував пратениците на СДСМ да го кажат својот став. Дали нивниот став е дека треба да се разреши јавниот обвнител на Република Македонија, или треба да го оставиме човекот да ја врши таа функција јавен обвинител на

Република Македонија. Според мене излишни се овие дискусии во врска со процедурата за разрешување на јавниот обвинител на Република Македонија од причина што кога ја поведувавме постапката доста опсежно и доста нашироко беа објаснети сите можности за разрешување на јавниот обвинител. Имаше дискутанти кои што го образложија Уставот, имаше дискутанти кои што ги образложија уставните амандмани, имаше дискутанти кои што го образложија законот за јавни обвинители, имаше дискутанти кои што го образлагаа значењето на Уставниот закон. Според тоа, секоја дискусија и секој обид тоа да се анулира и да се негира е само бегање од вистинското прашање, дали ние сметаме дека треба да биде разрешен јавниот обвинител на Република Македонија, или сметаме дека тој човек треба да остане и да ја врши функцијата. Искрено, лично сметав дека пратениците на СДСМ овде силно ќе застанат во одбрана на господинот Прчевски, ако не заради друго, заради тоа што ако се утврди одговорноста на господинот Прчевски, тоа значи дека колегите кои што се пратеници по втор пат во ова Собрание кои што во минатиот мандат го избраа Прчевски за јавен обвинител, треба да чувствуваат, ако не друго и морална одговорност кај себе како успеале толку многу да згрешат, па Прчевски да го изберат за јавен обвинител на Република Македонија, односно кој ќе ја сноси одговорноста воопшто што господинот Александар Прчевски беше јавен обвинител во Република Македонија последниве четири години. Образложение ние пратениците добивме кога ја поведувавме постапката за разрешување. Имаше опширно експозе и министерот за правда и Собранието со мнозинство гласови утврди дека има основа за поведување на постапка за разрешување на јавниот обвинител. И секој обид со дискусии кои што се поврзуваат со процедурата, јас можам само да го прокоментирам дека е бегање од вистинскиот одговор. Дали пратениците на СДСМ сметаат дека Александар Прчевски треба и понатаму да ја извршува функцијата јавен обвинител во Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави госпоѓа Благородна Дулиќ.

**Благородна Дулиќ:** За реплик се јавив не толку за да одговорам на она што беше кажано од колегата Кондарко, колку јавноста да слушне дека она што се укажува како пропуст во работата на Собранието, не е вистина.

Прво, причините поради кои господинот Прчевски се разрешува, беа дадени во предлогот за утврдување на услови за негово разрешување. Во таа фаза на постапката колегите од СДСМ не се впуштија во аргументите и причините кои што беа посочени од министерот за правда туку се бараше цело време за процедура, дали може сега, дали има основ, како и што. Меѓутоа, се утврди и донесовме заклучок дека постапката е во ред. Откако утврдивме дека треба да се поведе таа постапка за негово разрешување поради нестручно и несовесно работење како јавен обвинител, Владата како овластен орган, Владата како предлагач ја верицира нашата одлука и ги прифати причините за негово разрешување по што уследи овој предлог кој што благовремено, не избрзано, туку сосема на време беше доставен до Собранието на Република Македонија. Сега ние, ако сакаме и понатаму да дискутираме за причините кои што се познати на целата македонска јавност, сметам и на пратениците од СДСМ, ако сметаат дека од тие причини што се посочени од предлагачот дека не се во ред, нека ги кажат.Меѓутоа, мислам дека самиот Прчевски доволно се наслика во емисијата со Роберт Поповски на Канал 5, а како правник сметам дека сите правници не обрука, со тоа што не ја призна одлуката за Раштански лозја која што е правосилна и спомнува таму некои пилци и пилиња и незнам што, што не доликува на еден правник, а не на јавен обвинител на Република Македонија. Според тоа, ако колегите сметаат дека некои од причините кои што беа посочени во претходната расправа не стојат, нека повелат нека дискутираат. А за процедурата веќе да не се враќаме назад.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Вељановски Трајко.

**Трајко Вељановски:** Благодарам претседателе, како што расправавме на претходната седница кога се покренуваше постапка по предлогот за разрешување на Јавниот обвинител, гледам пратениците од опозиционата СДСМ остануваат доследни. Доследноста се состои во нивната процедурална забелешка. Цело време тие истакнуваат дека процедурата во однос на разрешувањето на Јавниот обвинител била погрешна. Но, едно заборават, дали мислат дека народот, јавноста и ние овде имаме кратко паметење. Дека немаме, малку би ги потсетил, поготово пратеникот Никола Поповски. Тој беше претседател на Собранието кога се разреши претходниот Јавен обвинител и тоа токму при ваква процедура. Тогаш на Третата седница на тогашното Собрание се покрена постапка за разрешување на Јавниот обвинител. Брху, бргу на 4-та седница го разрешија. Значи, за толку кратко време, тие најдоа основи за разрешување на Јавниот обвинител. Точно е само дека во тој период тогаш беше повикан Јавниот обвинител, затоа што не сакал господинот Никола Поповски како што му налагал Законот да го повика Јавниот обвинител. Тоа е согласно член 32 по стариот Закон за Јавно обвинителство. Господинот претседател кажа дека ако му налагаше Законот ќе беше повикан Јавниот обвинител на оваа говорница да ги искаже своите мислења. Но, во 2004 година од претходнио тпарламентарен состав е доенсен Закон за Јавно обвинителство, каде што е избришана таа одредба дека Јавниот обвинител треба да биде и повикан и да одговара за неговата одговорност. Затоа, тие што го носеле

тој закон треба самите да знаат каков закон носат и да не се повикуваат на нешто што не постои во Законот.

Исто така, би укажал од страна на точкава на дневен ред што е денес, Владата покрена постапка на претходната 4-та седница беше на ова втората фаза е предлог за разрешување на Јавниот обвинител согласно член 58 став 1, точка 6 од постојниот Закон за Јавно обвинителство, кој што е во важност. Ние го добивме тој предлог и треба да расправаме и тоа за она дали има основи или нема основи, дали има незадоволителни резултати како штопишува во Законот, дали има нестручни работи, а не цело време вие да се повикувате на постапката. Дека има основи за разрешување, дека има нестручна работа, не треба ни јас, ни вие, туку целата јавност знае, вие само да го потврдевте тоа. Еднаш да признаете дека кадровското решение вие што го носевте е погрешно и за кое што трпи државата и вие трпите како партија и тогаш бевте на власт и дел од рејтингот е поради таквото кадровско решение. Сносете еднаш одговорност, признајте, подобро да признаете, отколку да се вадите на процедурата и крива ви е процедурата. Виновни сте вие што такво кадровско решение дадовте и ставивте на чело на Јавното обвинителство и корупцијата наместо да ја смалите, вие ја зголемивте. Позната е онаа изјава на Никола Поповски кога кажа, после два месеци откога дојдовте на валст, нема више корупција. А, корупцијата се утростручи, петостручи, десеттостручи. Тој потоа ќе кажува за рангот, на кој ранг била и Македонија не била на рангот и не постоела. Не постоела, затоа што вие корупцијата ја зголемивте и ја утростручивте. Не може оваа Влада за два мееци нешто за тоа да нарпави. Мора да направи со промена на лицата кои доведоа до тоа, а тоа се оние кои штоја практикуваа власта и оние што не ги казнуваа кои погрешно ја практикуваа власта. Зарем треба да се потсетиме, а јас и тогаш кажавв, дека Прчевски не поднесол ниеднаш ниту по сопствена иницијатива постапка, како што му налага и самиот Закон. Ова не го кажувам јас, тоа го кажува Транспарентност која што сега не постои. Или да кажеме, каде што има изјави и каде што велат минситрите крадат, ревизорите откриваат, Прчевски проучува. Онаа позната негова изрека, предметот е фаза на проучување и решавање. Има еден куп случаи, бачила или онаа, јас сум доживотен како Тито. Или онаа господинот Прчевски можеби беше заслуга за ваквото кадровско решение ваше, затоа што беше претседател на Битолскиот суд кога се случи ТАТ, каде што тогаш ништо не се откри, демек никој не е крив, немаше корупција, немаше криминал при случајот ТАТ, Потоа, Раштански лозја, каде што господинот Прчевски после првата пресуда кажа ние ќе се жалиме и ќе добиеме на Второстепениот суд. Откако одлуката стана правосилна кажа дека ние ќе поднесеме барање до Врховниот суд за преиспитување на одлуката, ревизија, заштита на законитоста. Или Раштански лозја, да спомнеме случајот кога овде во Собранието на еден од претходните пратеници му беше одземен мандатот и тоа со содејство со поранешниот претседател на Комисијата за деловничко и мандатно имунитетни прашања заедно со упут на претходниот министер за внатрешни работи Хари Костов и основниот јавен обвинител Стерио Џиков, а под команда веројатно на Александар Прчевски, тогаш вие гледавте на процедурата кога се одзема мандат, вие ја прекршивте процедурата. И, доста веќе еднаш со процедура, одете со факти. Има многу случаи, д ане набројуваме, Бачила, Фиком, еднаш излезете јавно кажете, да, во ред е, згрешено е или како што вика пратеникот Илија Димовски, еднаш застанете во одбрана. Човекот заслучува, барем ако не друго преку процедура со еден пофален збор да го браните. Бранете го достоинствено или критикувајте достоинствено, не преку завртување на формата да се амнестира и од вашата одговорност за поставување на таков кадар. Благодарам.

(Аплауз)

Господине Јашари, пред да ви ја дадам репликата, дозволете ми да ви се извинам за вчера, ви го згрешив името го заменив со господин Тахир Хани, на кого исто така му се извинувам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Аднан Јашари реплика од три минути.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам.

Да ви ја кажам вистината, не планирав да земам збор за да интервенирам по ова прашање, но во текот на дискусијата на почитуваниот колега Вељановски употреби една реченица, се повикувате на нешто што не постои. Ова ме поттикна да земам збор, за да поставам би рекол една моја теза. До колку се анализира внимателно предлогот на Владата и тоа воведниот дел каде што се утврдува правната основ ана овој предлог за разрешување, се повикува на членот 58 став 1 од Законот за јавно обвинителство. Во 2005 година донесовме уставни измени и заедно со тоа на 7 декември 2005 година го донесовме и Законот за остварување на уставните измени, опфаќајќи го и уставниот амандман број 30. Доколку почитуван колега, е пред вас, земете го Законот за извршување на уставните одредби, ќе видите дека во тој Закон се прецизира таксативно и децидно рокот за носење на законот за Јавно обвинителство. Во оваа насока со носењето на законот за остварувањето на уставните измени во утврден рок, до кога бевме задолжени да го донесеме законот за јавно обвинителство, беше во сила основата на законот на кој се повикува Владата. Со истекот на овој рок во Македонија постои правна празнина и немаме закон за јавно обвинителство. Ова значи дека според мене, ценам а и вие ќе се согласите, основата на која се

повикува Владата, апсолутно не држи. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Вељановски има контра реплика една минута.

**Трајко Вељановски:** Благодарам претседателе.

Господинот Аднан Јашари жалам што не беше на седницата кога се расправаше по предлогот за покренување на постапка за разрешување на Јавниот обвинител на 4-та седница и тогаш тие од нивна политичка причина ја бојкотираа работата на Собранието, но тогаш расчистивме. Расчистивме и утврдивме дкеа, Собранието утврди дека Законот за Јавно обвинителство е во важност и може врз основа на него да се постапува. Она што го кажа во уставниот закон во членот 5 каде што пишува, тоа се однесува за јавните обвинители. Некој треба да разграничи што е јавен обвинител и што е јавни обвинители. Во уставниот амандман пишува децидно дека јавниот обвинител на Република Македонија и јавните обвинители. Членот 5 од уставниот закон се однесува за јавниот обвинители, па затоа жалам што тогаш не присуствуваше да му стане јасно дека во моментот е во важност Законот за јавно обвинителство.

**Љубиша Георгиевски:** Макрадули Јани има реплика од три минути.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Минатиот пат кога расправавме за ова расчистивме, така што парламентарното мнозинство гласаше и на тој начин смеета дека ги расчисти работите. За нас сеуште со уставниот закон за спроведување на амандманите кои беа донесени во 2005 година, амандманите од 20 до 30, оваа процедура е надвор од интенциите на хармонизацијата на законодавството со Европската унија и надвор од пропишаните членови во уставниот закон за спроведување на амандманите. Но, интересна е тезата, ког ани одговара за да биде присутен или да не биде присутен да се повикуваме на еден закон, кога бараме основ за разрешување, тогаш ни одговара другиот закон за Јавно обвителство се со цел да се обидеме да најдеме аргументи зошто вака наврат нанос, како што беше кажано денес, имаме точка на дневен ред на ова Собрание по итна постапка, иако алтернатива односно кој е наследникот, ќе остане непознаница и на кој начин ќе биде избран и како ќе биде именуван новиот јавен обвинител како институција во Република Македонија. А, процедурално постојано ќе повторуваме дека, за жал, образложението или овие работи што ги набројуваше господинот Трајко Вељановски и ние сакавме да ги прочитаме, затоа што можеби врз база на образложението што на Влада го дал минситерот Маневски, се развила некоја дискусија, некои биле прифатени дека се нестручно работење, некои дека не се нестручно работење. Дали изјавите во новите и во медиумите значи стручно или нестручно работење тоа го оцениле на Влада и нешто избрале од тоа дека е нестручно, нешто отфрлиле. Тоа назад сакавме да го видиме, па да прочитаме дали станува збор за ова или она, дали повел постапка за НПК, дали повле постапка Експорт-Импорт банка, како постапил во случајот Далаверски и т.н. Сето тоа кога ќе го видевме овде во образложението, тогаш ние ќе заземевме став, па тогаш ќе дискутиравме и ќе дебатиравме за да ги задоволиме идеите и размислувањата на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ дека ние треба да го браниме или не треба да го браниме. Ние сме пратеници кои што врз база на некој материјал треба да пресудиме и да заземеме некој став. Во овој момент, за жал, нема аргументи, нема образложение, нема материјал по кој што ние можеме да се произнесме. Затоа, за жал, почитуван претседателе, мораме и можеме да зборуваме само за повреда на процедурата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика од три минути има Теута Арифи. Повелете.

**Теута Арифи:** Благодарам.

Јас сакам само да реплицирам накратко на еуфоричниот дел би рекла на говорот на господинот Вељановски, од причина што еуфоријата од тој вид не помага колку и да е на парламентарната расправа. Би сакала да видам можеби малку повеќе, можеби малку помалку триумфализам во говорот на господинот Вељановски, посебно во делот кој што е во однос на случајот наречен Раштански лозја. Дотолку повеќе кога во овој случај, барем најмалку се говори за убиство на повеќе лица за кои што исто така никој не сноси одговорност. Сепак, иако овие лица не беа граѓани на Република Македонија , беа лица од странски земји, од источните земји, нивното право на живот е неоспорно право. Размислувањето дека никој не треба да одговара за вакво нешто има едно име кое што се нарекува ксенофобија. Затоа, за да се избегнат овие работи, мислам дека треба да има помалку тријумфализам и еуфорија при овие чувствителни работи и тоа повеќе ќе им служеше на добрите парламентарни односи, меѓутоа и на демократските процеси во земјата и во градењето на имиџот на нашата земја, земја која што има поширока толеранција кон сите граѓани во светот.

**Љубиша Георгиевски:** Вељановски Трајко к онтра реплика една минута.

**Трајко Вељановски:** Благодарам претседателе.

Пратеничката Теута Арифи го спомна случајот Раштански лозја, кој што и јас го спомнав. Ние треба да ја почитуваме судската одлука, јас и сите ние, поготово пратеничката Теута Арифи. Дали мене ми се допаѓа или не, дали нејзе и се допаѓа или не и се допаѓа одлуката, не е битно, битно е ако сакаме да има владеење на правото, треба да се почитува. Затоа, го спомнав како случај каде што треба да сноси одговорност не само тој Јавен обвинител, во таков случај треба секој да има

сопствена доблест и да си поднесе оставка под итно после правосилна пресуда во коај што една година четири лица беа во притвор и за кои што државата сега треба да отплаќа можеби и милионски суми оштета за таква екскурзија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Спасовски Оливер. Повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе, дами и господа пратеници, дозволете и јас да го кажам сопственото видување по однос на денешнава точка од дневниот ред. На почетокот навистина сакам да забележам на тоа што некои пратеници од позицијата можеби добронамерно да ни укажат на некои грешки, изгледа дека не искараа овде за начинот на нашето реагирање, меѓутоа, таква ќе биде реакцијата во сите понатамошни постапки од страна на опозицијата и во тоа не можете да не спречите. Тоа, можеби ќе биде вашиот најголем проблем.

Пред некоја седница овде во Собранието кажав дека полека но сигурно воспоставуваме преседаните да бидат практика во ова Собрание, а на тој начин да го рушиме и сопствениот углед и дигнитет и угледот и дигнитетот на највисокиот законодавен дом во Република Македонија, тоа е Собранието. Кога на дневниот ред на 20 септември 2006 година беше речено да се донесе одлука за отпочнување на постапка за разрешување на Јавниот обвинител, пратениците од СДСМ од опозицијата ги изнесовме нашите аргументи зошто сметаме дека не треба да се поведе ваква постапка и токму од тој аспект, почитувајки ги уставните норми кои што ги запишавме во Уставот на Република Македонија кажавме кое е нашето мислење и која е причината да не можеме да поведеме постапка за утврдување на одговорноста на Јавниот обвинител. Меѓутоа, и тогаш неводејќи сметка дали ќе ги прекршиме процедурите, дали ќе ги прекршиме уставните норми кои што треба да ги почитуваме, пред се ние, па и сите граѓани во Република Македонија, изнесувајќи аргументи, пред се, тоа впрочем се призна денес и од страна на позицијата дека најмногу разговаравме околу процедурат аи околу она што значи законски услови и уставни норми за поведување на една ваква постапка.

Тогаш разговаравме, се убедувавме и ги спротивставувавме аргументите токму во однос на таа постапка. Денес кога говориме на оваа седница, уште на почетокот на седницата па и сега во текот на расправата, уште повеќе сум уверен и јас и моите колеги од опозицијата дека бевме во право тогаш кога говоревме дека навистина има повреда на оваа постапка. Денешното ставање на точката на дневен ред без претходно да бидеме информирани, значи по итна постапка која беше образложена овде од претставникот на Владата со речиси никакво образложение за итноста, заради тоа што ако имаме итност во однос на разрешувањето, треба навистина да видиме каков ќе биде исходот при именувањето на следниот Јавен обвинител на Република Македонија, а хиерархијата претставува петта институција по важност во Република Македонија и на таков начин навистина да држат аргументите за тоа што е толку итно во однос на разрешувањето и каков ќе биде квалитетот на подобрувањето на работата на Јавното обвинителство.

Иако и претходно во дебатата што ја отворивме околу постапката на минатата седница, имавме добиено и стручни мислења од Здружението на јавни обвинители, имавме стручно мислење од проф. д-р. Светомир Шкариќ по Уставно право од Правниот факултет, и тогаш ги изнесовме нашите аргументи во прилог на ова што го кажуваме. Меѓутоа, со ваков начин денес воопшто не разговараме за утврдување на личната одговорност на господинот Александар Прчевски, туку едноставно го етикетираме целото Јавно обвинителство во Република Македонија дека воопшто не постапувало стручно, а за тоа навистина немаме некои дополнителни аргументи. Тоа е евидентно и од предлогот што уште пред десетина го добивме од страна на Владата на Република Македонија.

Оттука, со жал можам да констатирам дека навистина единствениот мотив се политичките причини и да го фатиме задниот воз за да можеме да ставиме уште еден партиски кадар во институциите во Република Македонија. Меѓутоа, на таков начин нема да опстоиме на определбата да го хармонизираме нашето законодавство со законодавството на Европската унија, ниту пак Република Македонија да се придвижи напред и да се демократизира во овој правец, и покрај декларативните намери што ги имаме искажано. Навистина очекував денес, барем од претставникот на Владата ако не можеле тоа да го напишат со конкретни примери и забелешки на работата и повикувањето на лична одговорност на господинот Александар Прчевски, дека ќе ни биде детално образложени кои се причините, кој е тој грев што се поставува врз личноста на Јавниот обвинител и во неговото работење, а на тој начин би ја отстраниле анатемата што ја фрливме општо врз институцијата Јавен обвинител на Република Македонија. Меѓутоа, мислам дека скандалозно е да се поднесува предлог за разрешување на Јавниот обвинител со образложение кое што е едвај од десетина реда, во кое во три реда кажуваме дека основната причина е заради тоа што Собранието на Република Македонија утврдило дека согласно член 58 став 1 точка 6 од Законот за Јавно обвинителство е исполнет основот за негово разрешување од функцијата Јавен обвинител. Навистина ми пречи кога на оваа седница - еве, можеме да спориме дали имаме право или законска обврска да го повикаме човекот овде барем да се изјасни по наводите кои му се ставаат на товар, а кажуваме дека немаме

законски основ, но законскиот основ за неговото разрешување го црпиме од законот, како што кажа господинот Вељаноски од стариот закон, врз основа на стариот закон претседателот бил обврзан да го повика Јавниот обвинител, а сега нема таква обврска. Мислам дека пред се треба да имаме една човечка и морална димензија во овој дел, да беше овде присутен господинот Прчевски, да можеме да поразговараме околу таа негова работа.

Токму заради тоа ние од СДСМ и воопшто од опозицијата укажувавме дека вакво нешто може да се случи со водење една ваква постапка која е исклучиво политички мотивирана, за да можеме да го фатиме последниот воз во поставување на уште еден партиски кадар и заради тоа јас нема да присуствувам на чинот на гласање. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Почитуван господин претседател, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Ова е по втор пат да се занимаваме со прашањето на разрешувањето на Јавниот обвинител. Прв пат расправавме за отворање постапка, започнување постапка за разрешување. Според тоа, не се среќаваме за прв пат сега, ова е само продолжување на постапката и завршување на постапката. А се што сме зборувале и што било на увид овде кога се одлучуваше дали ќе се започне постапка, треба да се земе како присутен факт и денес. Денес не може да се зборува за тоа дека Предлог одлуката за разрешување на Јавниот обвинител има само образложение кое стои во овој акт. Образложение е и она што беше доставено и искажано при отворањето на постапката.

Најголеми недоразбирања околу овој Предлог за разрешување на Јавниот обвинител има околу валидноста на законската основа за вакво одлучување од страна на Собранието. Опозицијата и некои експерти своето оспорување на валидноста на законската основа на ваквата одлука го засноваат на членот 3 од Уставниот закон со кој се уредува како ќе се спроведуваат амандманите што се однесуваат на судството и правосудството. Таму во членот 3 се вели најдоцна во рок од 9 месеци од денот на прогласувањето на амандманите од 20 до 30 на Уставот на Република Македонија ќе се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за Јавното обвинителство и Законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија. Во толкувањето на овие одредби од Уставниот закон, ама во толкувањето, се тврди дека со тоа овие 9 месеци во кои требало да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за Јавното обвинителство се и 9 месеци во кои важи дотогашниот закон, а потоа не важи дотогашниот закон, заради тоа што Уставниот закон утврдил после 9 меседи да се донесе тој закон.

Има голема заблуда во таквото толкување. Всушност Уставниот закон само дава задача на законодавниот орган во рок од 9 месеци да го донесе тој закон, но никаде во Уставниот закон не се вели дека после 9 месеци автоматски престанува да важи постојниот Закон за обвинителство. Во ниту еден уставен закон не стои одредба дека роковите што се таму дадени значат истовремено и престанок на дотогашните закони кои треба да се заменат со новиот закон. Уставниот закон е само обврска за да дојде на законодавниот орган, во кои месеци да ги донесе тие акти. Инаку во законот што ќе се донесе - овде стои Закон за изменување и дополнување на Законот за Јавното обвинителство, ќе стои одредба дека со тој закон престанува да важи законот кој дотогаш важел, тие членови што ќе бидат заменети со Законот за изменување и дополнување на Законот за Јавното обвинителство тоа значи дека ако автоматски се извлекува заклучок дека со Уставниот закон е одреден датумот до кога треба да се донесат новите закони, после тоа ако не се донесат престануваат старите закони, тоа е некоја новина која никогаш не била применета во Република Македонија, ниту во некоја друга земја била применета, затоа што само со материјалните нови одредби кои се воведуваат во законите кои ќе се спроведат понатаму, со материјалните закони, само со нив се менува дотогашното решение.

Според тоа, тоа нема никаква правна ни теориска основа, ни практична правна основа и затоа тој аргумент не држи. Сосема е на сила законот кој сега важи и врз основа на тој закон е можно да се разреши Јавниот обвинител на Република Македонија.

Исто така, тој закон од 2004 година не предвидува обврска на Собранието, кога ќе се расправа по тоа прашање, да биде поканет и Јавниот обвинител на кој се однесува тоа. Ве молам, на седниците на Собранието присуствуваат и се поканети само оние кои според Уставот и законите имаат право на тоа. Надвор од тоа не може да биде некој поканет, освен на свечена седница. Инаку, на друг начин ќе настане самоволие на оној што кани и тоа не може да се допушти. Затоа, штом законот не му напишал на претседателот, не стои дека треба да го покани обвинителот сега, тој нема право да го повика, нема право да го покани. Така стојат работите што се однесува до процедурата.

Мислам дека неодбранливо е натамошното фактичко опстојување на господинот Прчевски на тоа место, меѓу другото и заради неговите јавни настапи на омаловажување на институции и нивни одлуки, за кои овде беше зборувано.

Затоа, мислам дека веќе е ред да одлучиме и да завршиме со оваа расправа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Агрон Буџаку.

**Агрон Буџаку:** Благодарам.

Господине Георгиевски, колеги пратеници, не верувам дека овој пат ќе се толкува мојот говор од ваша страна како опструкција за да се оддолжи седницата, туку и од некој друг аспект дека може моето излагање да биде и заради индивидуални и лични цели да говорам за господинот Александар Прчевски. Напротив, начелно како јас така и партијата на која и припаѓам секогаш сме се ангажирале за функционирањето на државните институции во една парламентарна демократија, институции кои пред неколку векови се воведени во развиениот и цивилизиран свет, каде од аспект на мешањето на надлежностите и слободата за дејствувањето на институциите кои го овозможуваат функционирањето на една демократска држава, одлучуваат некои правила и прописи кои треба да се почитуваат и за судството и обвинителството, како и за полицијата за која расправавме претходно. Значи, треба да ни биде јасно, процедурите за назначување и разрешување, компетентноста, надлежноста и санкционирањето при кршењето на овие надлежности или одговорноста на носителите на значајни јавни функции во една демократска држава, пред Парламентот, пред пратениците по дефиниција значи пред гласачите и пред народот, што е и демократија. Вака како што се постапува на овој начин вистина е дека кога се покрена постапката ние не учествувавме, бидејќи го бојкотиравме Парламентот, туку од аспект на укажување како на Парламентот така и на јавноста што се случи овде по 5-ти јули. Доколку го бојкотиравме Парламентот, ние не сме од тие кои еднаш влегуваме, после излегуваме од Парламентот, ако донесеме една одлука ние ќе ја почитуваме истата.

Овде се работи за една точка на дневен ред која сама по себе и за најмладиот пратеник, кој е од областа на науките што немаат воопшто врска со правната област и функционирањето на државата, повеќе од јасно е дека моментот кога се врши ова, се врши по изборите кога се менува парламентарниот состав, кога имаме ново парламентарно мнозинство и сето тоа се прави во овој момент. За мене тоа не е образложение, како што се искажа од парламентарното мнозинство дека вака сме постапувале ние или некој пред вас. Ние треба да ги унапредиме процесите на зрелост на демократијата и умереноста, бидејќи со ова така постапил некој, или пред нас постапиле некои други, никогаш нема да излеземе од вициозниот круг на реваншизмот и демонстрирање на сила, силата на мнозинството.

Во начело имаме две патеки, или овие функции како што е функцијата Јавен обвинител да ги поврземе со мандатот на Владата да го напишеме тоа и да не расправаме секои четири години, да го наведеме во закон, кога ќе се смени Владата, доколку се промени но еве нека биде правило, ќе се смени и Јавниот обвинител, како што ќе ни биде многу полесно.

Второ, без оглед на ова што го кажав, треба да ни биде јасно дека за некои толку значајни органи и институции, имајќи го предвид и фактот - јас не сум експерт но имам мислења од експерти во врска со ова прашање кои толкуваат правен вакум. Господинот Андов со искуството што тој го има во однос на процедурите го почитувам и ценам, но тоа е едно мислење и негово толкување. Меѓутоа, има и мислења на професори и доктори на науки кои го спорат овој начин на разрешување, кој мнозинството сака да ни го наметне, значи овој акт, овој чин кој е денеска на дневен ред.

Начелно и човечки како можат да се толкуваат работите не навлегувам во тоа како работеле или како немаат работено или како нема работено обвинителот господинот Прчевски, какви изјави има дадено или какви изјави нема дадено, што направил и што ненаправил, но ова се начелни прашања кои еднаш засекогаш треба да ги расправаме и да имаме став кој ќе важи не само за овој Парламент, за овој состав, туку и за идните парламентарни состави.

По се изгледа во еуфоријата како што рече госпоѓа Теута и во триумфализмот на еден нагласен триумфализам во неколку случаи од пратениците од мнозинството се прават грешки кои го загрозуваат работењето на институциите и самата демократија секогаш повикувајќи се на аргументи кои се аргументи за други институции на системот. Како што стана збор за разрешување на ректорот на Државниот универзитет во Тетово, може да има аргументи, за евентуални аргументи дека наводно за злоупотреби на функции и нефункции, кршење на процедури, но нема правни и уставни аргументи за тоа разрешување. Овде има сомнежи. Колку што сум ја следел расправата има спротивставени мислења. Доколку имаме една ваква состојба, тогаш не е демократски и логично во една ваква состојба на сомнежи и да нема право професорот експерт кој вели дека со неговото мислење кое го имам пред мене дека не може да се направи сето ова, но од друга страна и 10% да имаат право противниците на овој акт на разрешување најмалку ние пратениците на кои ни е дадена можноста и привелегијата да расправаме и да одлучиме со нашиот глас треба овие аргументи да ги имаме пред нас и да ги разгледаме, а не ова да биде на еден брз начин, бегол начин без проследени материјали и оваа пракса, ќе нагласам уште еднаш, може да се повтори и во идните парламентарни состави, затоа апелирам до мнозинството да не прави вакви грешки, бидејќи не дека овде со ова се крши, според мислењето, законски вакум не може да се разреши обвинителот, туку ќе биде хипокризија да се секирам за грешките на мнозинството, би рекол е многу добро за нас да продолжат со овие грешки, но ова е лош сигнал, бидејќи сме под конкретен

мониторинг од Меѓународната заедница и од Европската унија и ваквите дисперзии и лошите толкувања и брзото носење на деликатни одлуки каде се поставува прашањето, сето ова може да му наштети на процесот на интеграција на Република Македонија, а кое нешто не е одговорност и интерес само на мнозинството, посебно е од интерес на Демократската унија за интеграција во своите определби за почитување на Уставот, законите и Охридскиот рамковен договор како најбрз пат за нашата интеграција во Европската унија и НАТО структурите.

Мислам дека одговорноста за да ги притиснеме зелените копчиња е одговорност која останува во личната свест на пратениците но, од политичката одговорност на одлуките на Владата и воспоставување на дневен ред на овој начин на овие одлуки и тоа деликатни одлуки, предлози е и тој на господинот Георгиевски и мнозинството. Затоа јас сакам да се оградам од оваа одговорност како пратеник на овој парламентарен состав најмалку да се увиди дека во овој Парламент има и парламентарни групи и пратеници кои имаат една мисла која е во рамките на спроведувањето на прописите, демократски прописи и владеење на законот, додека одговорноста за кршењето на Уставот, законите нека остане на мнозинството за кое сум убеден, без двоумење, по партиски налог без да знаат за што се говори, ќе го притиснат зеленото копче.

Уште еднаш ќе подвлечам за господинот Александар Прчевски да немаме недоразбирање во неколку аспекти јас не сум тој кој може да го оцени без материјали дали работел добро или лошо, не сум тој кој може да процени, бидејќи спротивно од тоа што го кажа господинот Андов во ригорозното спроведување на Деловникот, во овој случај Деловникот на Собранието, но не и во други случаи, би требало да ја сослушаме и обвинетата страна во овој случај, бидејќи ќе ни биде тешко за еден нов обвинител за кој не знаеме сеуште кога ќе се избере, како ќе се избере и не е добро да имаме еден вакум во една многу значајна функција. Тој откако ќе ја добие својата функција да види што ќе се случи со него во моментот кога ќе се измени парламентарното мнозинство.

Ова е една порака, ќе нагласам многу лоша порака без оглед на фактот како постапил и колку евентуално погрешил и што сработил господинот Прчевски. Ние говориме за институција, за владеење на законот и спроведување на процедурите каде во други парламенти сум имал можност одблиску да ги видам, за ова се води аргументирана и долга расправа и не може со волунтаризам и пристрасност секогаш да одлучуваат прстите и мнозинството, бидејќи е на штета на демократијата и ако е на штета на демократијата и владеењето на законот каде ќе претрпат и ако имаат помалку прсти за гласање пораката е лоша и за самата земја, но и за тие кои набрзо на овој начин како почнале ќе останат со помалку прсти за гласање, во смисла на гласање.

Завршувајќи со мојата дискусија, со моето излагање, мислам дека оградувањето од овој вид постапки, процедури е еден чин кој сакам да го соопштам во мое лично име, а одговорноста, ќе нагласам уште еднаш и имиџот кое ова мнозинзтво ако најмалку ВМРО-ДПМНЕ сакаше да го создаде вој имиџ како една реформирана партија каде ќе владее законот, со овие постапки за едно кратко време го нарушува тој имиџ не само на своја лична штета, туку сето ова и на штета на државата и процесите за кои сме се ангажирале и имаме консензус за наша интеграција, Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Би сакал само една многу добронамерна забелешка на преведувачот, сум работел синхрон превод, знам колку е тешко, но пратеникот Агрон Буџаку не рече нема да излеземе од амбициозниот круг, туку рече нема да излеземе од маѓепсаниот круг.

Знам дека е тешко да се одржи јака концентрација, но сепак заради јавноста.

Заклучувајќи го претресот морам да кажам дека не слушнав ниту една изјава од ниту еден пратеник дека ќе гласа против сменувањето односно разрешувањето на Прчевски.

Исто така заради јавноста и заради обвинувањата овде кои паднаа на моја адреса дека сме гласале без кворум, сакам да ве известам дека службите поседуваат снимка која секаде се смета за автентичен документ каде може да се види колку сме биле кога сме гласале некои одлуки во Парламентот.

Дали има уште некој пријавен?

Повелете Оливер Спасовски, процедурално три минути.

**Оливер Спасовски:** Благодарам претседателе,

Сакам во името на пратеничката група на СДСМ да го изразам нашиот став по однос на гласањето.

Сметаме дека има битна повреда на процедурата при разрешувањето на јавниот обвинител, уште повеќе со тоа што денеска не ни беа понудени конкретни аргументи и факти односно скоро без образложение инсистира парламентарното мнозинство да биде разрешен Јавниот обвинител на тој начин нема да придонесе кон демократизација на Република Македонија, туку напротив ќе направиме уште еден чекон кон подлабока партизација.

Заради тоа ние нема да присуствуваме на чинот на гласањето и ќе ја напуштиме салата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, тоа е ваше право.

(Пратениците од СДСМ ја напуштаат салата).

Ве молам, останете сите на своите места.

Ги молам службите да поднесат извештај точно колку се останати пратеници во салата.

Процедурално господинот Бесим Догани. Повелете.

**Бесим Догани:** Во име на пратеничката група на ДПА, бараме пауза од 30 минути.Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Пауза од 30 минути.

(Пратениците заминаа на пауза во 16,17 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,50 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Молам службите нека ги пребројат дојдените пратеници, да имаме чиста ситуација.

Ве молам,тишина.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Претресот е заклучен.

Предлогот Александар Прчевски да биде разрешен од функцијата Јавен обвинител на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник гласале 60, за гласале 60, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Александар Прчевски е разрешен од функцијата Јавен обвинител на Република Македонија.

Минуваме на точката 4 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на Совет на Собранискиот канал

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

(Реакции во сала со дофрлање)

Тишина, тишина.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Борис Кондарко, процедурално, три минути. Повелете.

**Борис Кондарко:** Се извинувам што подоцна се јавив за збор, бидејќи ние најавивме дека на гласањето за претходната точка нема да присуствуваме во салата. Во меѓувреме вие отворивте претрес по наредната точка.

Процедуралното се однесува за претходното гласање. Би побарал куса пауза ...

**Љубиша Георгиевски:** Тоа е завршено.

**Борис Кондарко:** Би побарал куса пауза и би го побарал официјалниот листинг од службите, со ваша дозвола, од гласањето, бидејќи вие пред гласањето, го следевме по повод директниот пренос, побаравте од службите да се утврди бројот на пратеници...

**Љубиша Георгиевски:** Да, побарав.

**Борис Кондарко:** Да, но тоа не го соопштивте. Пред да гласаме не соопштивте кој е бројот на присутни пратеници.

**Љубиша Георгиевски:** 13 плус 48 пратеници.

**Борис Кондарко:** Бидејќи на семафорот во салата излезе бројката од 60 присутни, истовремено 60 кои гласале за, истовремено вие после тоа констатиравте дека биле 61 присутен, што не соодветствува со бројот на официјалниот семафор во салата. Затоа бараме листингот да ни се даде за да можеме да провериме, и да заземеме став согласно тоа како ќе реагираме понатаму како пратеничка група.

**Љубиша Георгиевски:** Немам ништо против, повелете. Да им се даде.

**Борис Кондарко:** 10 минути да дадете пауза.

(Реакции, дофрлања, џагорење)

**Љубиша Георгиевски:** Добро, добро. Во ред. Молам тишина.

(Негодување со дофрлање од место)

Јас мислам дека најцелисходно е да се избројат пратениците уште еднаш од страна на службите кои седат од оваа страна.

(Негодување и дофрлање во салата)

Тишина, тишина.

Пред да ви ја дадам паузата, молам службите уште еднаш да пребројат, (пратеникот Кондарко инсистира на паузата)...

Ќе ви дадам пауза. Нека избројат прво. Имате време, не брзаме никаде.

Ве молам, во чиста тишина да се пребројат пратениците. Ве молам, еден момент.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Пред мене се 48, а таму 13.

48 плус 13 се 61. Значи, тоа да го симнеме како проблем.

Повелете понатаму, повелете процедурално.

**Борис Кондарко:** Да ја довршам процедуралната забелешка претседателе.

Покрај она што го кажав претходно, а што го констатиравме низ директниот телевизиски пренос, факт е уште едно, бидејќи за да биде одлуката полноважна, треба 61 да гласаат за. Вие констатиравте дека, и покрај тоа што на семафорот пишуваше 60 присутни, вие констатиравте 61 дека се присутни. Меѓутоа, факт е дека бројката на оние пратеници кои гласале за е 60. Што значи и да било така, да биле присутни 61, го немате доволниот број на гласови за да може воопшто да постои одлука.

**Љубиша Георгиевски:** 40 е доволна бројка. Драги мои, 40 гласови е доволен број.

**Борис Кондарко:** Извинете, јавен обвинител се избира и разрешува со 61 глас а не со 40. Вие сте во заблуда. Вие сте во заблуда.

(Дофрлања од место со џагорење)

**Љубиша Георгиевски:** Тишина, ќе го разрешиме ова.

Според кој член е ова што го барате?

(Пратеници бараат збор процедурално.)

Повелете Грковска, процедурално.

Вие немате право.

Повелете Грковска.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, во интерес на вистината сакам да повторам, сакам да го повторам прво тоа што вие го кажавте.

После нашата интервенција, деловничка, вие дадовте налог на службите да се изброjат пратениците од тој дел на салата. Констатиравте а тоа може и стенограмски да се провери, дека во тој дел од салата, оние пратеници кои гласале биле 61 присутен во салата. Меѓутоа, сведоци сме сите дека пред да го дадете тој налог, во салата влезе господинот Тито Петковски, кој воопшто не присуствуваше за време на гласањето, туку влезе во салата откако ние интервениравме...

(Бурни реакции со гласни дофрлања)

**Љубиша Георгиевски:** Нека доврши, ве молам, тишина.

**Славица Грковска:** ...ние интервениравме...

**Љубиша Георгиевски:** Молам, тишина, имаме процедурална интервенција.

Завршете госпоѓице Грковска.

**Славица Грковска:** Значи, имајќи ја предвид зрелоста на парламентарната опозиција и минимум политичката култура да се сослуша пратеник во салата, обврзана сум повторно да повторам.

Господинот Тито Петковски не беше присутен во моментот на гласањето. Меѓутоа, беше присутен во моментот кога дадовте налог повторно да се изброjат пратениците во салата, во тој дел од салата кој го прави парламентарното мнозинство.

Вашиот заклучок дека во тој момент во салата имало 61, не може да важи за бројот на пратеници кои во тој момент, во даден момент биле присутни во салата. Со тоа, практично потврдувате дека во моментот на гласањето, во салата не биле присутни 61 пратеник туку 60, толку колку што гласале.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа е ваш заклучок. Мој заклучок е, овде, пред вас се кажа јасно и гласно, службите и пред вас го кажаа, што е вон сите процедури, 48 плус 13 и точка. Без господинот Тито Петковски кој дојде отпосле.

(Реакции во салата)

службите уште еднаш нека ги преброjат со Тито Петковски.

(Службите ги пребројуваат пратениците, а во салата се слуша џагор и дофрлања)

Чекајте, чекајте службите нека ги преброjат.

49, таму 13, тоа значи 62 присутни.

Ве молам, да се извинете сега.

Сега ве молам да се извинете и повеќе никогаш за ваш кејв овде нема да има пребројувања.

Ве молам да се извинете.

(Реакции од страна на опозицијата)

Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на Совет на Собранискиот канал.

(Пратеници од опозицијата бараат збор процедурално)

Не давам повеќе процедурално. Елате, тропајте.Три пати пребројуваме. Треба да се засрамите. Три пати овде броевме. Што сте вие?

(Негодување и реакции од страна на опозицијата)

Тоа оспорете го каде што треба.

Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на Совет на Собранискиот канал.

(Пратеници од опозицијата бараат збор процедурално)

Ајде, еден процедурално.

Не повеќе, само еден. Ве молам, само еден.

Повелете, ова да го завршиме, затоа што ќе не фати времето за ифтар. Дајте, да завршиме работа.

Има збор процедурално господинот Ѓорчев. Доволно е еден.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам.

Пред целата македонска јавност, во присуство на сите оние луѓе кои се присутни во салава, кои ги вклучува и 61-от пратеник кој беше присутен, со име и презиме, со полна одговорност на оние луѓе кои се тука во моментов а ги сочинуваат службите, од заменикот генерален секретар, преку луѓето кои со години работат во овие служби, до луѓето кои се на терасата, заклучно со преведувачите и со оние кои се дел од техничките служби во врска со записник, тврдиме и потврдуваме дека во времето на гласањето за смена на јавниот обвинител имаше 61 пратеник од парламентарното мнозинство, последниве 2 минути влезе и 62-от пратеник.

За да се отстрани било какво сомневање, било каква дамка врз оваа процедура, од името на пратничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата “За подобра Македонија” барам поддршка од 10 пратеници за поединечно изјаснување за да наредните месеци немаме било каков спор, немаме било каков спор околу разрешувањето на обвинителот Прчевски. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Јас го почитувам овој ваш предлог, меѓутоа за тоа ниту имаме деловничка можност, ниту е тоа потребно.

Гласањето не може да се доведува во прашање. Останува уште прашањето дали ова гласање е валидно со 40 или со 61 пратеник.

Затоа го прашувам пратеникот Кондарко, според кој член го оспорува?

(Реакции и дофрлања од место)

Немојте, немојте, ве молам да ми влегувате во збор.

Ве молам, ако имате точен член според кој вашата деловничка интервенција е, кажете го, а ако не, да продолжиме. Имаме уште една точка. Ве молам.

Колку што гледам, нема некој член.

Процедурално збор бара пратеникот Мендух Тачи.

Значи, гласањето е валидно и со тоа завршивме.

Одиме на точката 4.

Процедурално збор побара господинот Мендух Тачи.

**Мендух Тачи:** Благодарам господине претседател.

Мислам дека однесувањето на опозицијата е смешно. тие прават комедија во Парламентот. Јас предлагам тие да ги сменат своите професии, пратеници, да станат учесници во службата за броење на бројот на пратениците.

Уште од утринава се забележа, кога беше поранешниот премиер Бучковски присутен, поранешниот претседател на СДСМ, кога горе на ложата заедно со новинарите ги броеше пратениците. Овие дејствија се многу смешни. Мислам дека ние не треба да станеме жртви на повторното гласање, затоа што ова покажува дека ние не го почитуваме првото гласање.

61 пратеник беа присутни во салата, 61 гласаа, тоа значи дека ние можеме да продолжиме со другата точка. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Имено, затоа го спречив предлогот на Ѓорчев.

Сега...

(Пратеникот Славица Грковска упорно бара збор процедурално)
Нема процедурално. Не, не, не. Изгубивте секакво доверие. Не. Дојдете тропајте овде. Не.

**Минуваме на точката** 4 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на Совет на Собранискиот канал.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Мисовски Горан, повелете, имате збор.

Горан Мисовски: Благодарам претседателе.

Сакам да дадам само кратко образложение во врска со измената на Одлуката.

Одлуката за основање на Совет на Собранискиот канал е донесена на 7 февруари 2006 година, во Службен весник на Република Македонија број 17 од 2006 година.

Во членот 2, ставот 1 на оваа Одлука е наведено дека претседателот на Собранието на Република Македонија е и претседател на Советот. Истовремено, претседателот на Собранието цели дека е поцелисходно претседател на Советот да биде еден од неговите потпретседатели.

Од овие причини предлагаме Собранието на Република Македонија да донесе одлука за изменување на Одлуката за основање на Совет на собранискиот канал. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Можеби сум тука јас должен некое објаснување.

Овој потег го повлеков заради тоа што сум длабоко убеден дека должностите и функциите во ова Собрание треба да се подисперзирани, да не се концентрираат во еден човек, што е мислам во прилог на моето “диктаторство” овде.

Господине Алити Рафис има збор.

**Рафис Алити:** Благодарам за зборот што ми го дадовте.

Колку за дообјаснување, за информација на пратениците кои не беа во поранешниот парламентарен состав, само за информација, Комисијата што беше за телевизискиот канал, Собранискиот телевизиски канал, неслучајно е со рамноправен состав на членови, опозиција-позиција и плус претседателот на Парламентот, затоа што претседателот на Парламентот се смета како лице кое нема да држи ничија страна, било на позицијата, било на опозицијата. Ова беше тогашниот договор меѓу тогашната позиција и опозиција. Така што јас мислам дека овој баланс или оваа рамнотежа треба да се сочува и понатаму, затоа што во интерес на овој Дом и на ова Собрание, а е во интерес и на сите парламентарни групи. Не гледам причина зошто да се измени во таа насока.

Затоа, јас повторно ќе кажам и предлагам да остане истиот состав, да не се нарушува оваа рамнотежа што е поставена во минатото. Доколку има поинакви мислења, би било добро да се расправа околу ова. Навистина да изнајдеме варијатна што е во интерес на сите нас.

**Љубиша Георгиевски:** Дали има некој кој бара збор околу овој нов предлог? (Нема)

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, за гласале 62 пратеници, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието едногласно ја донесе одлуката за изменување на Одлуката за основање на Совет на Собранискиот канал.

Седницата ќе ја продолжиме кога ќе се создадат услови за гласање по првата точка.

Инаку, понеделнички ја продолжуваме Шестата седница во 11,00 часот.

Благодарам за соработката.

(Седницата прекина со работа во 17,13 часот)